**Работен лист за учениците I-1.2: Огледалце мое**

**име и презиме**

| | | |
|---|---|---|
| омилена песна | омилен филм | омилено животно |
| омилено јадење | омилен спорт | омилена книга |

## Работен лист за учениците I-1.3: Јас можам ...

Погледни ја листата и во празното квадратче пред реченицата стави еден од следниве знаци:

☺ - Супер го правам!

😐 - Учам да го правам.

☹ - Сè уште не знам да го правам.

ЈАС МОЖАМ...

☐ да се грижам за сопствената хигиена.

☐ да читам и да пишувам.

☐ да цртам.

☐ да се грижам за помали деца.

☐ рамноправно да разговарам со возрасни.

☐ да поправам расипани работи.

☐ да користам компјутер.

☐ да готвам.

☐ да ја средувам мојата соба.

☐ да пеам и да танцувам.

☐ да им го сменам мислењето на луѓето за нешто.

☐ да работам со некои видови машини (бормашина, миксер...).

☐ да зборувам по телефон.

☐ да ги разбирам чувствата на луѓето.

☐ да развеселам некого.

☐ ________________________________________.

☐ ________________________________________.

Овде напиши по една работа која ти е многу важно да ја постигнеш/направиш за една недела, еден месец и една година.

Една недела ______________________________________________________________

__________________________________________________________________________

Еден месец _______________________________________________________________

__________________________________________________________________________

Една година ______________________________________________________________

__________________________________________________________________________

**Работен лист за учениците I-2.1: Картички со името на семејството и одделен член на тоа семејство**

| | |
|---|---|
| ТАТКО – СЕРАФИМОВСКИ | МАЈКА – ШОТАРЕВСКИ |
| МАЈКА – СЕРАФИМОВСКИ | СИН – ШОТАРЕВСКИ |
| ЌЕРКА – СЕРАФИМОВСКИ | ТАТКО – БАЛАЖИ |
| СИН – СЕРАФИМОВСКИ | СИН – БАЛАЖИ |
| ТАТКО – ПЕТРЕВСКИ | ТАТКО – ХАСАНОВ |
| МАЈКА – ПЕТРЕВСКИ | МАЈКА – ХАСАНОВА |
| СИН – ПЕТРЕВСКИ | ЌЕРКА – ХАСАНОВА |
| БАБА – ПЕТРЕВСКИ | ТАТКО – НАЈДЕНОСКИ |
| ТАТКО – ХРИСТОВИ | ЌЕРКА – НАЈДЕНОСКИ |
| МАЈКА –ХРИСТОВИ | СИН – НАЈДЕНОСКИ |
| СИН – ХРИСТОВИ | ТАТКО – ШАБАНИ |
| СИН – ХРИСТОВИ | МАЈКА – ШАБАНИ |
| ЌЕРКА – ХРИСТОВИ | СИН – ШАБАНИ |
| БАБА – ХРИСТОВСКИ | МАЈКА – СТОИЛКОВИЌ |
| ДЕДО – ХРИСТОВСКИ | ЌЕРКА – СТОИЛКОВИЌ |
| | ЌЕРКА – СТОИЛКОВИЌ |
| МАЈКА – ЉАМАЏЕМА | ТАТКО – ЉАМАЏЕМА |
| СИН – ЉАМАЏЕМА | СИН – ЉАМАЏЕМА |

## Работен лист за учениците I-2.2: Моите одговорности

| никогаш | малку | многу | секогаш | Одговорности кон себе |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Се трудам да си го одржувам телото чисто, да не „смрдам” и да не ми се „лепи” косата. |
| | | | | Јадам здрава храна, и покрај тоа што многу ми се допаѓа вкусот на хамбургер, чипс и пица. |
| | | | | Си ги мијам забите онака како што препорачува мојот (уф!) забар. |
| | | | | Си ја слушам совеста (најчесто). |
| | | | | Се грижам за мојата облека, особено за онаа што ми е омилена и ја носам на училиште. |
| никогаш | малку | многу | секогаш | Одговорности кон моето семејство |
| | | | | Помагам во домашните работи, како на пример во плакнење на садовите или во исфрлање на „миризливото” ѓубре. |
| | | | | Си ја чистам собата и ги отстранувам „марсовските” топки прашина од под мојот кревет. |
| | | | | Љубезен/љубезна сум со членовите на моето семејство па дури и со тетка ми која постојано ме гушка со сета сила и ме бакнува. |
| | | | | Се грижам за домашното милениче дури и кога тоа заборава каде треба да врши нужда. |
| никогаш | малку | многу | секогаш | Одговорности во училиште |
| | | | | Ги почитувам правилата во училиштето и покрај тоа што некои не ми се допаѓаат. |
| | | | | Давам сè од себе во сите задачи и тестови дури и на моите „неомилени” предмети. |
| | | | | Редовно носам книги, тетратки и училиштен прибор на училиште, а известувањата за родителите ги носам дома без да ги направам „купус”. |
| | | | | Ја пишувам домашната работа дури и кога мојата омилена емисија ја има на телевизија. |
| никогаш | малку | многу | секогаш | Одговорности кон околината |
| | | | | Секогаш го фрлам отпадот на соодветно место, па ако треба џебовите да ми се преполнат дури да најдам канта за отпадоци. |
| | | | | Ги почитувам законите и редот и тогаш кога моите другари ме тераат да ги прекршам. |
| | | | | Дома ги гасам светлата во собите и во ходниците кога никој нема таму. |
| | | | | Не кинам листови од дрвата покрај патот по кој минувам. |

**Работен лист за учениците I-3.1: Како се чувствувам...**







1. Кога некој ми зема нешто без прашање, се чувствувам ...
2. Кога ми се случува да погрешам, се чувствувам ...
3. Кога би ме бркала мечка, би се чувствувала ...
4. Кога некој ми заблагодарува за нешто што сум го направил, се чувствувам ...
5. Кога некој би ме нарекол „глупава гуско”, би се чувствувала ...
6. Кога би требало цел ден да седам сам дома, би се чувствувал ...
7. Кога ќе ми го купат она што го барам, се чувствувам ...
8. Кога ќе ја видам симпатијата со некој друг/друга, се чувствувам ...
9. Кога ќе добијам неочекуван подарок, се чувствувам ...
10. Кога не би можела да ѝ помогнам на другарка ми во неволја, би се чувствувала ...
11. Кога не би спиел цела ноќ, би се чувствувал ...
12. Кога никој не би забележал дека сум направила нешто за кое многу сум се трудела, би се чувствувала ...
13. Кога треба да одговарам за оценка, се чувствувам ...
14. Кога некој нема да го исполни тоа што ми го ветил, се чувствувам ...
15. Кога би ме викнале да глумам на филм, би се чувствувал ...
16. Кога другарите не ме викаат да играм со нив, се чувствувам ...
17. Кога на училиште ќе добијам лоша оценка, се чувствувам ...
18. Кога не можам да престанам да мислам на оној/онаа што ми се допаѓа, се чувствувам ...

# ЛУТИНА

# ЉУБОВ

# РАЗОЧАРУВАЊЕ

# СТРАВ

# СРЕЌА

Работен лист за учениците I-3.3: Чувства за изразување

| | |
|---|---|
| ВОЗНЕМИРЕНОСТ | ВООДУШЕВЕНОСТ |
| ЗАГРИЖЕНОСТ | ЗАСРАМЕНОСТ |
| ЛУТИНА | ГНЕВ |
| ГОРДОСТ | ТАГА |

**Работен лист за учениците I-4.1: Барометар на чувства при загуба**



**Работен лист за учениците I -5.2а: Поговорки за успехот и неуспехот**

1. Храброст е кога знаеш дека можеби нема да успееш, но продолжуваш да се обидуваш.

2. Единствениот неуспех во животот е кога не си успеал да се обидеш.

3. Не познавам никого што успеал да дојде до врвот без многу работа. Таа можеби нема секогаш да те одведе до врвот, но сигурно ќе те одведе близу до него.

4. Човек учи додека е жив.

5. Кој работи тој и греши.

6. Не е страшно да згрешиш. Страшно е да не научиш ништо од грешките.

7. Никој учен не се родил.

8. Успехот е чиста среќа. Тоа ќе ви го каже кој било што не успеал.

## Работен лист за учениците I-5.2б: Картички со прашања

Ако треба да добиеш медал за храброст, за која работа што си ја направил/а ќе го добиеш?

Кога си бил/а горд на себеси бидејќи си успеал/а да му помогнеш некому?

Дали некогаш си им рекол/ла НЕ на останатите и си бил/а горд/а на тоа?

Кое е твоето најголемо физичко достигнување?

На кој начин може да се забележи дека ти си креативна личност?

Кога си помогнал/а да се смират двајца што се скарале?

Кога си се радувал/а на успехот на твој близок како да е твој сопствен?

Кога си бил/а задоволен/а што си работел/а според планот што си го подготвил/а?

Кој е првиот успех за кој се сеќаваш дека си го постигнал/а кога си бил/а мал/а?

Опиши едно нешто што го сметаш за успех што си го постигнал/а во училиште.

Опиши едно нешто што го сметаш за успех, а си го постигнал/а надвор од училиште.

На што си посебно горд/а во врска со себеси како член на своето семејство?

Кој е твојот најнов успех?

Кој е твојот најмал ама многу сладок успех?

Кој е твојот идол и во што си барем малку како него/неа?

Кога последен пат некој ти помогнал да успееш?

Од твое лично искуство, каков совет за постигнување на успех во учењето би му дал на прваче?

Наброј барем три мали „успехчиња” што си ги постигнал/а откако денес си се разбудил/а па до сега?

Колку успеси, а колку неуспеси во просек имаш на ден?

Колку време ти требало последниот неуспех да го преболиш и да се обидеш повторно?

Можеш ли да се присетиш на некој свој страв или негативна мисла што не ти давала да успееш, а сега си ја надминал/а?

Кога и како си научил да зборуваш?

Кога се случило навистина многу напорно да работиш за да постигнеш успех?

Што ти помогнало најмногу кога си бил несигурен/на во успехот?

Кога се случило и по многу неуспешни обиди, сепак да го направиш тоа што го сакаш?

Кој бил до тебе и те тешел кога последен пат не си успеал/а да го постигнеш тоа што го сакаш?

Дали некогаш и самиот/самата си се изненадил/а од сопствениот успех?

Дали некогаш си му помогнал на некој постар и поискусен од тебе да успее во нешто?

**Работен лист за учениците I-6.2а: Дебата 1**

**„Дали на наставниците им е дозволено да грешат?”**

| Подгрупа НЕ | Подгрупа ДА |
|---|---|
| 1. Ако грешат, погрешно ќе ги научат учениците. | Ако грешат, треба да ги коригираат грешките за да не ги научат учениците погрешно. |
| 2. Ако грешат, покажуваат дека некои работи не ги знаат. | Не е толку страшно нешто да не се знае, колку што е страшно да не се признае тоа. |
| 3. Ако тие не знаат некои работи, тогаш не смее да им даваат на учениците пониски оценки кога тие не знаат некои работи. | Оценките на учениците се даваат за знаење, но ако не научиле веднаш, може да научат подоцна и да ја поправат оценката. |
| 4. Ако грешат, покажуваат непочитување и кон својата професија и кон учениците. | Почитување се покажува и на многу други начини, а најважно е наставниците да се извинат и да ја исправат грешката. |
| 5. Ако грешат, учениците ќе се подбиваат со нив и нема да има дисциплина на часот. | Учениците можат да им укажат на наставниците за грешката, а наставниците да се заблагодарат и да ги поттикнат учениците уште повнимателно да ги следат за да ја коригираат и следната можна грешка. |

Работен лист за учениците I-6.2б: Дебата 2

„Дали децата треба да го искажуваат своето мислење пред родителите?"

| Подгрупа НЕ | Подгрупа ДА |
|---|---|
| 1. Ако го искажат своето различно мислење, родителите можат да се налутат. | Родителот треба да го продолжи разговорот со детето и подобро да ги запознае неговите гледишта. |
| 2. Што ако го искажат своето мислење, кога родителите нема да ги послушаат. | И да не направат како што бараат децата, сепак родителите треба да дознаат што сакаат децата и какви потреби имаат. |
| 1. Ако за сѐ им кажуваат што мислат, тогаш нема да имаат никаква интима. | Децата не мора сѐ да им кажуваат, туку треба да го кажат своето мислење во врска со работи што се однесуваат на нив. |
| 2. Ако искрено кажат што мислат, тогаш родителите некои работи ќе им ги забранат или ќе им ги ограничат. | Довербата меѓу родителите и децата се зголемува со искрено кажување на мислењето, а забраните и ограничувањата ги заштитуваат децата од опасности. |
| 3. Децата треба да ги слушаат родителите затоа што се поискусни и попаметни, и своето мислење треба да го задржат за себе или за врсниците | И покрај тоа што родителите се поискусни, децата треба да научат да формираат свое мислење и тоа да го кажат, зошто секој има свој агол на гледање на работите. |

## Работен лист за учениците I-6.3: Како да се одлучи?

1. Дали треба да се слушне мислењето на детето кога треба да се одлучи кој треба да одлучи дали може да остане само дома додека возрасните одат да купуваат?

Кој треба да одлучи кога детето има:

5 години?

10 години?

15 години?

2. Дали треба да се слушне мислењето на детето кога треба да се одлучи дали детето треба да остане во контакт со двајцата свои родители доколку тие се разведат?

Кој треба да одлучи кога детето има:

4 години?

9 годин?

17 години?

3. Дали треба да се слушне мислењето на детето кога треба да се одлучи дали треба детето да облече мантил за дожд доколку излегува, а надвор врне?

Кој треба да одлучи кога детето има:

3 години?

9 години?

12 години?

4. Дали треба да се слушне мислењето на детето кога треба да се одлучи дали детето ќе биде вегетаријанец?

Кој треба да одлучи кога детето има:

На 4 години

На 8 години

На 13 години

5. Дали треба да се слушне мислењето на детето кога треба да се одлучи дали родителите може да пуши цигари?

Кој треба да одлучи кога детето има:

На 6 години

На 11 години

На 17 години

6. Дали треба да се слушне мислењето на детето кога треба да се одлучи дали детето може да остане надвор до полноќ?

Кој треба да одлучи кога детето има:

На 9 години

на 12 години

На 16 години

7. Дали треба да се слушне мислењето на детето кога треба да се одлучи дали детето треба да биде сместено во дом за деца без родители?

Кој треба да одлучи кога детето има:

На 4 години

На 10 години

На 15 години

1. Целото свое слободно време го трошиш на гледање телевизија. Пропушти еден круг!

2. Кога имаш слободно време родителите те задолжуваат да ги чуваш помалите браќа и сестри. Врати се две полиња назад!

3. Откако ќе ги напишеш домашните задачи си поигруваш со другарите. Оди три полиња напред!

4. Постојано учиш и ги пишуваш домашните задачи. Немаш ни минутка слободно време. Пропушти еден круг!

5. Државата решила училишната година да трае 12 месеци и да нема ниту зимски ниту летен распуст. Сите играчи се враќ аат три полиња station наназад!

6. Директорот на училиштето наредил да се учи и во сабота и во недела. Сите играчи се враќаат две полиња наназад!

7. Во слободно време читаш книга и просто забораваш да јадеш бидејќи ти е интересна. Оди три полиња напред!

**8. На другарите за родендени им подаруваш рачно изработени алки или украси што сам ги правиш во слободно време. Фрлај повторно!**

**9. Тренираш карате три пати неделно. Оди три полиња напред!**

**10. Дел од слободното време го користиш за учење странски јазик. Фрлај повторно!**

**11. Едвај чекаш да ја завршиш домашната работа за да играш на компјутер. Ништо друго не те интересира и играш со саати. Пропушти еден круг!**

**12. За викенди често посетуваш театарски или кино претстави, концерти и изложби. Фрлај повторно!**

**13. Со другарите секое попладне правите куќичка на дрво. Оди три полиња напред!**

**14. Во слободното време гледаш научно-популарни емисии (за животни, вселената, уметници). Фрлај повторно!**

**15. Штом ќе се вратиш од училиште мораш веднаш да одиш на пазар и да продаваш. Воопшто немаш време да си играш. Пропушти еден круг!**

**Работен лист за учениците I-7.16: Карта: скали и змии**



**Работен лист за учениците II-1.2: Потрага по автограми**

1.Најди двајца кои сакаат да пеат додека се тушираат!

2.Најди тројца со иста боја на косата како твојата!

3.Најди еден кој многу сака да јаде спанаќ!

4.Најди двајца што се повисоки од тебе или двајца што се пониски од тебе!

5.Најди тројца кои многу сакаат да пијат чај со 3 лажици шеќер!

6.Најди еден кој сака змии!

7.Најди тројца кои сакаат цртани филмови!

8.Најди двајца кои многу сакаат да читаат книги!

**Работен лист за учениците II-1.3: Судар со метеорит**

Судар со метеорит

Се враќаш дома изморен/а од купување подароци за Новата 2120 година. Го вклучуваш холобимот токму во моментот кога програмата се прекинува поради итни вести. Исплашениот спикер ја пренесува веста дека за нешто повеќе од половина час се очекува страшен судар на огромен метеорит со Земјата. Метеоритот е толку голем што може да уништи сè на Земјата. За среќа, ова е 2119 година и луѓето можат без проблем да ја напуштат Земјата, па спикерот кажува дека е веќе организирана евакуација на населението на друга ненаселена планета и дека секој патник може со себе да земе по шест нешта.

Имате 3 минути секој да си размисли и да избере кои шест нешта ќе ги земе со себе.



____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

**Работен лист за учениците II-1.4: Важно на сликата**

*Важно на сликата*



_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

**Работен лист за учениците II-2.1а: Цвеќе на пријателството**



**Работен лист за учениците II-2.1б: Негување на пријателството**

**Домашна работа –** Мирсад се разболе и знаеше дека утредента нема да може да оди во училиште. Беше загрижен бидејќи му беше многу важно пред крајот на полугодието да ја предаде домашната што ја работеше цел месец. Мислеше како да ја однесе во училиште. Тогаш му текна дека Петар од соседната зграда учи во училницата до него. Мирсад не го знаеше добро, но сепак одлучи да го замоли за помош – да му ја однесе домашната во училиште и да ѝ ја предаде на наставничката. Кога отиде кај него, Петар прво беше малку зачуден. „Зошто дојде токму кај мене, а не кај некој друг", го праша. Тогаш Мирсад му кажа дека пред неколку дена го видел како ѝ помага на една баба да ја премине улицата. „Кога го видов тоа си помислив дека треба да си добар другар, затоа дојдов кај тебе". Петар само се насмевна, ја зеде домашната и му рече: „Не грижи се, ќе ти ја однесам домашната в училиште".

**Дали да ѝ кажам –** Самир е нов ученик во училиштето „Сонце". Дојде од друг град. Првите неколку дена не зборуваше многу со учениците од неговото одделение, но потоа почна да се дружи сè повеќе и повеќе. Уште во првата недела, Надица му пријде и го прашуваше за претходното училиште, како било таму, дали му недостасуваат другарчињата и слично. Самир, додека зборуваше Надица, забележа дека лошо ѝ мириса здивот. Се мислеше еден момент дали да ѝ каже или не, и на крај сепак ѝ спомна. Надица ништо не рече. Се сврте и ја снема. Самир не знаеше дали добро постапил. Можеше да ми биде другарка, си помисли, а вака ништо. Утредента, Надица повторно му пријде. „Извини за вчера", му рече, „се засрамив". „Кога стигнав дома зборував со сестра ми и таа ми помогна да сфатам дека ти само си сакал да ми помогнеш„.

**Навредениот Бојан –** Бојан и Армин повеќе не се другари, иако до пред некое време супер се дружеа. Но, еден ден се случи нешто што Бојан многу го налути и одби да се дружи понатаму со Армин. Имено, пред да влезе во училницата го слушна своето име. Го позна гласот на Армин кој зборуваш нешто за него. Тоа што го слушна воопшто не му се допадна. Армин на некои други соученици им кажуваше дека Бојан е многу чуден тип, дека е помалку смотан, се ниша кога чекори и дека не знае да вози велосипед. „Фала што ми кажа што мислиш за мене", рече Бојан влегувајќи во училницата. Армин не знаеше што да каже. Бојан го погледна в очи и му кажа дека не сака повеќе да се дружи со него.

**Помош по телефон –** Наставничката ѝ забележува на Ајсер што нема домашна. Ајсер тврди дека ја напишала, но ја заборавила дома. Наставничката се сомнева. Тогаш се јавува Снежана и ѝ кажува на наставничката дека минатата вечер таа ѝ се јавила на Ајсер бидејќи не ѝ била јасна една задача и Ајсер ѝ објаснила како се решава задачата. Наставничката ја погледнува Ајсер и таа ѝ кимнува со глава во знак на потврдување.

**Гулабот и мравката[1] –** Една мравка, одејќи на реката да се напие вода, падна во неа и беше понесена од водата. Гулабот кога го виде тоа, се сожали и ѝ фрли една мала гранка со чија помош мравката излезе на брегот. Веднаш потоа, кога мравката виде еден човек со пушка како нишани кон гулабот, го касна за ногата и човекот ја промаши својата цел, и така му го спаси животот на гулабот.

1 Басна од Езоп

**Работен лист за учениците II-3.1: Добри тајни, лоши тајни**

Другарчето ти доверува тајна. Ти кажува никому да не му ја кажеш. Дали е тајната добра или лоша?

| ДОБРА | ТАЈНА | ЛОША |
|---|---|---|
| | ѝ дало на помалата сестра да пуши цигара. | |
| | ѝ напишало песна на симпатијата. | |
| | Купило подарок за роденден на другарката. | |
| | Одвреме- навреме поткрадува по продавници. | |
| | Кога било мало, го каснало куче. | |
| | Не слуша добро со едното уво. | |
| | Се повредило во тепачка со друго дете, а дома кажало дека паднало од велосипед. | |
| | Татко му не живее со него и со неговата мајка. | |
| | Си ги скршило очилата удирајќи се во сообраќаен знак додека се шетало. | |
| | Која му е симпатија на заедничкиот другар. | |
| | Го скршило прозорецот, а место него фатиле друго дете. | |
| | Ја сокрило гумата на другарчето за да нема со што да брише за време на писмената. | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**Работен лист за учениците II-4.1: Неколку лаги**

1. Шетајќи се по продавници со татко ѝ, Лиза забележува една многу убава школска чанта. Го замолува татко ѝ да ѝ ја купи. Таткото вели дека сè уште може да ја користи старата чанта и дека нема потреба од нова. На Лиза ѝ текнува да каже дека таа е скината на долниот дел и дека ѝ паѓаат моливите, пенкалата и други работи. Се разбира, чантата не е скината. Лиза лаже. Зошто Лиза лаже?

а) Бидејќи е лошо дете.
б) Сака да си добие нешто што знае дека не ѝ следува.
в) Многу ги сака чантите.

2. На час по мајчин јазик, зборувајќи за тоа дека е добро да се делат нештата со најблиските, Ледон објаснува дека секогаш кога има нешто за јадење го дели со својот помал брат. Ледон лаже. Тој воопшто не сака од своите работи да му дава на брат му. Зошто Ледон лаже?

а) Бидејќи е лажго.
б) Сака другите да имаат добро мислење за него.
в) За да добие добра оценка.

3. За време на одморот, Хана доаѓа кај Деа и ѝ шепнува: „Ја виде ли новата фризура на Нена. Погрозно не може да биде”. Потоа си оди. Пред Деа се појавува Нена. „Што ти шепна Хана?”, ја прашува. „Ми кажа дека денеска ќе имаме тест по математика”, ја лаже Деа. Зошто Деа лаже?

а) Таа секогаш лаже.
б) Смета дека вистината е болна во овој случај.
в) Нена не ѝ е вистинска другарка.

4. Играјќи дома со тениското топче, Вуки го скршува стаклото од витрината. Се плаши што ќе му кажат родителите. Кога тие доаѓаат дома, Вуки им вели дека се сопнал на теписонот и со книга го удрил стаклото. Вуки лаже. Зошто Вуки лаже?

а) Се плаши дека ќе го казнат.
б) И онака, што и да каже дома му веруваат.
в) Сака дома да си купат нова витрина.

**Работен лист за учениците II-5.1а: Помагање дома**



КАКО МИ ПОМАГААТ ДОМА?

КАКО ПОМАГАМ ДОМА?



**Работен лист за учениците II-5.1б: Помагање во училиште**



КАКО МИ ПОМАГААТ ВО УЧИЛИШТЕ?

КАКО ПОМАГАМ ВО УЧИЛИШТЕ?



**Работен лист за учениците II-5.2а: Лав**



**Работен лист за учениците II-5.2б: Глушец**



**Слика 1**



**Слика 2**



**Слика 3**

Работен лист за учениците II-5.3: Игра со посебни потреби

| | | |
|---|---|---|
| Не гледа добро. | Не слуша добро. | Не може да ја користи левата рака. |
| Не може да ја мрда десната нога. | Не сака да игра со други деца. | Не разбира што се кажува. |
| Многу бавно ги изговара зборовите. | | |
| | | |

**Работен лист за учениците II-6.1: 4 ситуации, 4 грешки**

1. Игор рецитира песна на табла. Кога завршува, тргнува кон своето место, на третата клупа. Го забележува Миле како го гледа в очи, а во исто време забележува и како Миле ја испружува левата нога. Игор нема време да реагира – се сопнува од ногата на Миле и паѓа. Сите се смеат. Игор станува и му подвикнува на Миле: „Зошто ме сопна"? Миле, гледајќи кон наставничката, вели: „Не те сопнав јас. Сам си се сопна на клупата".

Дали има намера во постапката на Миле?
Кои се последиците од неговата постапка?
Како може да се поправи грешката?

2. Штотуку почна големиот одмор. Дени сака да излезе надвор и да купи нешто за јадење. Се затрчува кон вратата и во моментот кога излегува, Сејхан која му е свртена со грб и не го гледа, му ја затвора пред нос и тој се удира на вратата. „Сејхаааааан, внимавај кога ја затвораш вратата", подвикнува. Сејхан, му се приближува и му вели: „Извини, воопшто не те забележав. Баш ми е криво што се удри на вратата".

Дали има намера во постапката на Сејхан?
Кои се последиците од нејзината постапка?
Како може да се поправи грешката?

3. Боки доаѓа в училиште и сфаќа дека дошол многу рано. Претходниот ден, поради болест, тој не бил в училиште. Наставникот им кажал на учениците за денешниот ден да дојдат 2 саати покасно. Му кажал на Фарук кој живее до Боки да му пренесе, ама тој ништо не му кажал. Кога доаѓа Фарук, извикуваа: „Лелееееееее, изумив да ти кажам дека денес сме покасно во училиште". „Извини". Боки е лут и ништо не кажува.

Дали има намера во постапката на Фарук (неинформирањето за смената на терминот)?
Кои се последиците од неговата постапка?
Како може да се поправи грешката?

4. Повеќе другарки од маало играат фудбал пред зграда. Станарот од првиот кат им забележува дека местото не е за играње фудбал. Тие не обрнуваат многу внимание на тоа. Во еден момент, Неса ја шутира топката која удира во прозорецот на станарот од првиот кат. Стаклото пукнува.

Дали има намера во постапката на Неса?
Кои се последиците од нејзината постапка?
Како може да се поправи грешката?

| |
|---|
| **Наставничката ја казнила Дона за нешто за кое Дона мисли дека е виновен Дарко.** |
| **Луан уредно си чека во ред за да купи сендвич, но две деца од погорните одделенија се буткаат преку ред.** |
| **Сејхан се расправа со мајка ѝ затоа што не ја пушта да излезе со другарките. Треба да си ја среди собата, а за средување ѝ требаат барем два саата работа.** |

**Работен лист за учениците II-7.1б: Деструктивно однесување**



| | |
|---|---|
| обвинување | |
| заканување | |
| навредување | |
| критикување | |
| омаловажување | |
| понижување | |
| исмејување | |
| викање/дерење | |
| давање погрдни имиња | |
| пцуење | |
| покажување со прст/рака | |
| правење гримаси (кривење) | |
| туркање | |
| удирање | |
| трескање | |
| гаѓање | |
| фрлање | |

**Работен лист за учениците II-7.3а: Контролирање на лутината – 1**

» Броење до 10. Преку броење и длабоко вдишување многу брзо се смируваме. Со ова се добива време да се поврати контролата врз сопствената лутина.




Кога би можел/а да го користам?

**Работен лист за учениците II-7.3б: Контролирање на лутината – 2**

» Одложување. Расправијата по повод ситуацијата што ја предизвикала лутината се остава за подоцна. Со тоа се добива време за враќање на самоконтролата.




Кога би можел/а да го користам? ____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

**Работен лист за учениците II-7.3в: Контролирање на лутината – 3**

» <u>Пишување пораки.</u> Овозможува да се открие проблемот и помага да се средат чувствата. Се добива време за да се размисли за начинот на соочување со проблемот. Може да се напишат работи за кои во иднина ќе се зажали – затоа треба белешката да се уништи за да не може да предизвика поголема штета.




Кога би можел/а да го користам? ____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

**Работен лист за учениците II-7.3г: Контролирање на лутината – 4**

» Замислување. Честопати луѓето реагираат како „расипана грамофонска плоча" – автоматски ги повторуваат истите лоши работи секогаш кога ќе се соочат со проблем. Ваквата навика може да се прекине со замислување на конфликтната ситуација во главата како на филмска лента. Лентата се стопира таму каде што се започнува да се реагира „по старо" и потоа се замислува поинаков начин да се продолжи (со кој би се искажала подготвеност заеднички да се работи на проблемот).




Кога би можел/а да го користам? ___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

___________________________________________

# Што друго можам да направам за да ми помине лутината?



**Работен лист за учениците II-8.1: Фацијални експресии**



**Работен лист за учениците II-8.4а: Како активно слушам**

| |
|---|
| Прекинувај го/ја, упаѓај додека зборува со нешто неважно. |
| Кажувај му/ѝ дека глупаво постапил/а. |
| Критикувај го/ја, кажи му/ ѝ  дека не се постапува така како тој/таа. |
| Менувај ја темата...на пр.„а да ти кажам што филм сум видел/а вчера”. |
| Кажи му/ѝ дека не бива човек од него/неа, дека е многу несмасен/а. |
| Закани му/ѝ  се дека не сакаш да го/ја слушаш како зборува. |
| Понуди некој совет, што требало, не требало да се прави. |
| Изнеси сопствени искуства...„е да знаеш мене што ми се случило, ова твоето ништо не е”... |
| Климај со главата цело време во знак на одобрување. |
| Гледај го/ја о очи и насмевнувај се. |
| Приближи се што повеќе кон него/неа со тоа што ќе се наведнеш кон него. |
| Потпри се на столицата и шарај со погледот наваму-натаму. |
| Занимавај се цело време со облеката, обувките, играј со врвките. |
| Поставувај прашања од типот: „Ако добро те разбрав, велиш дека...”, и повтори што си слушнал/а дека ти кажал/а. |
| Замисли си дека тоа што ти го кажува како да ти се случило и тебе (стави се во кожата на говорникот). |
| Поставувај прашања од типот на: „Што се случи потоа? Можеш ли да ми кажеш повеќе за...” |

**ПРЕКИНУВАЊЕ, УПАЃАЊЕ.**

**ВРЕДНУВАЊЕ.**

**КРИТИКУВАЊЕ.**

**МЕНУВАЊЕ НА ТЕМАТА.**

**ПОТЦЕНУВАЊЕ,
ИСМЕЈУВАЊЕ.**

**ЗАКАНУВАЊЕ.**

**НУДЕЊЕ СОВЕТ, МЕСТО СЛУШАЊЕ ШТО МУ/Ѝ СЕ КАЖУВА.**

**ИЗНЕСУВАЊЕ СОПСТВЕНИ ИСКУСТВА, МЕСТО СЛУШАЊЕ ШТО МУ/Ѝ СЕ КАЖУВА.**

КЛИМАЊЕ СО ГЛАВАТА
ВО ЗНАК НА ОДОБРУВАЊЕ.

ГЛЕДАЊЕ В ОЧИ
И НАСМЕВНУВАЊЕ.

НАВЕДНАТОСТ
КОН ТОЈ ШТО ЗБОРУВА.

ПОТПИРАЊЕ НА СТОЛИЦАТА
И ШАРАЊЕ СО ПОГЛЕДОТ
НАВАМУ-НАТАМУ.

**ЗАНИМАВАЊЕ СО ОБЛЕКАТА, ОБУВКИТЕ, ДОДЕКА ДРУГИОТ ЗБОРУВА.**

**ПОСТАВУВАЊЕ ПРАШАЊА ЗА ПАРАФРАЗИРАЊЕ (кусо повторување на кажаното со други зборови).**

**СТАВАЊЕ ВО КОЖАТА НА СОГОВОРНИКОТ (покажување разбирање за тоа што го зборува).**

**ПОСТАВУВАЊЕ РАЗЈАСНУВАЧКИ ПРАШАЊА.**

**Работен лист за учениците II-8.5а: Парафразирање 1**







Пример:
„Татко ми е себичен и бездушен човек  кому воопшто не му е гајле за мене. Не ме пушта да одам на екскурзија со другарите и не за џабе го мразам".



**Работен лист за учениците II-8.5б: Парафразирање 2**

Куче

Наум: Кога се затрча кучето кон мене, срцето ми застана. Мислев ќе умрам. Навистина овој комшијата е безобразен. Ни маска не му става. Ама ќе види тој, ќе го пријавам во полиција или ќе му го отрујам кучето.

ти_______________________________________________

Ако добро те разбрав...

затоа што________________________________________

Доцнење

Мирела: Ме вади од памет. Постојано го чекам, што и да договориме, брат ми нема да дојде на време и постојано наоѓа некој супер изговор.

ти_______________________________________________

Ако добро те разбрав...

затоа што________________________________________

Облека

Азра: Сестра ми се однесува кон мене како кон предмет. Секогаш ги облекува моите работи без воопшто да ме праша. Како да не постојам. Тоа не би го очекувала од родената сестра.

ти_______________________________________________

Ако добро те разбрав...

затоа што________________________________________

Мобилен телефон

Сибел: За малку ќе ја истепав Вилма кога ја видов како ги чита пораките од мојот мобилен телефон пред другите. Како се осудува да ми чепка по телефонот?!!

ти_______________________________________________

Ако добро те разбрав...

затоа што________________________________________

**Работен лист за учениците II-10.1а: Приказна за слонот и шесте слепи мудреци**

Си беа еднаш шест слепи мудри луѓе и сите си живееја во ист град. Еден ден, од некаде во градот се појави слон. Шесте мудреци сакаа да дознаат како изгледа слонот. Затоа што беа слепи, му се доближија и почнаа да го допираат. Првиот мудрец го допре големото мазно уво на слонот и почувствува како полека се мрда лево-десно, па рече: „Слонот е како лепеза.". Вториот мудрец ја испипа ногата на слонот и извика: „Слонот е како дрво!". Третиот мудрец ја испипа опашката на слонот. „И двајцата не сте во право" – рече тој, „Слонот е како јаже". Четвртиот мудрец ја пофати сурлата на слонот и викна: „Сите грешите! Слонот е како змија!". Петтиот мудрец го допре врвот на големиот остар заб на слонот и викна: „Слонот е како копје!". „Не, не!"– се развика шестиот мудрец, „Ништо не знаете! Слонот е како висок ѕид!", откако ја испипа едната страна од телото на слонот. „Лепеза!", „Дрво!", „Јаже!", „Змија!", „Копје!", „Ѕид!", со саати се убедуваа еден со друг шесте мудреци. И никогаш не се согласија како изгледа слонот.

Стара индиска приказна

**Работен лист за учениците II-10.1б: Bmx**



**Работен лист за учениците II-10.3а: Потреби 1**









**Работен лист за учениците II-10.3б: Потреби 2**







**Работен лист за учениците II-10.3в: Потреби 3**









**Работен лист за учениците II-10.3г: Потреби 4**









**Работен лист за учениците II-10.3д: Потреби 5**







**Работен лист за учениците II-10.3ѓ: Потреби сите**



**Работен лист за учениците II-10.3е: Потреби – ситуации**

Ситуација 1

Диме има многу напорна работа. Кога се враќа дома си прилегнува и отспива саат до два за да може навечер неколку саати да вози такси-возило. Едно попладне штотуку си прилегна и веќе тонеше во сон, кога го разбуди силна врева од надвор. Децата од портокаловата зграда се беа собрале на уличката до зградата и играа фудбал. Викаа, тропаа и Диме немаше шанса да отспие како другите денови. Тој многу се налути. Излезе надвор и налета право на топката. Ја грабна и викна: „Знаете ли вие, невоспитани дечишта каде се игра фудбал. Тука ли најдовте". Потоа се сврте и тргна со топката накај подрумот. „Чичко Диме, чичко Диме", се развикаа децата. Тој не ги погледна.

Ситуација 2

Беше убав сончев ден. Зана и сестра ѝ одлучија да прошетаат во парк. И двете го сакаа паркот заради природата, зеленилото, езерцето, но и возењето со малите коли во забавниот дел од паркот. Меѓутоа, тој ден не си поминаа убаво. Додека седеа на една клупа, однекаде се појави едно куче кое им се приближуваше лаејќи кон нив. Зана многу се уплаши. „Неее", викна, наведнувајќи се да земе некој камен за да се одбрани. Кога го виде овој гест газдата на кучето, што исто така се приближуваше кон нив, викна: „Немој со камен, ти нормална ли си!" „Ти дали си нормален", се развика Зана. „Зошто си го пуштила кучето", и почнаа да се расправаат.

Ситуација 3

Ана има десет години и мисли дека никој не ѝ обрнува внимание. Знае дека родителите ја сакаат, но ѝ се чини дека целото внимание му го посветуваат на помалото братче Филип. Татко ѝ по цел ден е на работа и кога ќе се врати има време да си поигра само со него. Мајка ѝ само за него се грижи – го преповива, го храни и внимава никој да не го вознемирува додека спие. Кога Ана ќе се врати од училиште, мајка ѝ дури бара од неа да ѝ помогне околу Филип – да го причува за да може да му подготви јадење или да му ја испере облеката.

Еден ден, кога Ана се врати од училиште и сакаше да ѝ се пофали на мајка си дека доби петка по математика, мајка ѝ немаше време да ја сослуша. Веднаш ја заповеда да повнимава на Филип додека таа е до продавница да купи нешто. Тогаш Ана реши да му се одмаздина Филип. Додека брат ѝ мирно спиеше, таа силно му викна на уво. Тој се исплаши и почна да плаче. Ана се обидуваше да го смири, но не успеа. Кога мајка ѝ се врати ѝ требаа цели дваесет минути да го смири.

Ситуација 4

Ева ја обожува математиката. Се труди да е активна на час, редовно ги пишува задачите, дури стигнува да решава и задачи од некои детски списанија по математика. Но, наставничката тоа како да не го забележува. Таа упорно продолжува да ја пофалува Есма. „Да, Есма!" „Браво Есма!" „Ајде Есма!" „Одлично Есма!" Есма, Есма и само Есма. Кога вчера наставничката ја повика Ева и ѝ соопшти дека сака таа да оди на натпревар по математика, Ева ладно ѝ рече дека не сака. „Како не сакаш„ се зачуди наставничката. „Јас викам ти да одиш„. „А јас викам нема да одам, нека отиде Есма, таа е омилената ученичка", ѝ возврати Ева.

Ситуација 5

Мона веќе една година тренира карате. Во почетокот не ѝ одеше баш најдобро. Тренерот еднаш рече дека нема да стане каратистка од неа. Но, тоа како да ја подналути Мона и таа беше цврсто решена да стане добра каратистка, најдобра. Мона тренираше вредно и со тек на време тренерот го смени мислењето за неа. Мона беше многу среќна заради тоа. Со нетрпение го очекуваше турнирот во еден друг град за да им покаже на другите и на себеси колку напреднала. Но тогаш, неколку дена пред турнирот, кога мајка ѝ дозна дека треба цел викенд да го изгуби, таа рече дека не сака да ја пушти на турнир. „Имаш многу да учиш, сега е крајот на годината и мора да се погрижиш дека сѐ ќе биде во ред" ѝ рече мајка ѝ. „Ама, мамо, јас цела година за џабе сум тренирала", рече Мона. „Ако не ме пуштиш ти, сама ќе си одам", додаде.

## Работен лист за учениците II-10.4а: Извори на конфликтите

| **ОГРАНИЧЕНИ РЕСУРСИ** (време, пари, своина) | **НЕЗАДОВОЛЕНИ ПОТРЕБИ** (биолошки, психолошки) | **РАЗЛИЧНИ ВРЕДНОСТИ** (убедувања, приоритети, принципи) |
|---|---|---|
| Претставува причина за конфликт кога нешто е ограничено, го нема во доволна количина. На пр. синот сака да му се купи јакна, а мајката нема време или нема пари за тоа. Или има една играчка со која истовремено сакаат да играат и братот и сестрата. | На пр. ако на пат сестрата ја испие сета вода и братот остане жеден или ако некого другарите не го повикаат на забава итн. | Се јавуваат како причина за конфликт тогаш кога двајца придаваат различна важност на едно исто нешто или кога за едниот поважно е едно нешто, а за другиот друго. На пр. жената сака да оди на одмор на море, а мажот мрази море и сака да одат на планина. |

**Работен лист за учениците II-10.4б: Извори на конфликти – ситуации**

| | |
|---|---|
| Две сестри се караат која да го облече џемперот. | Учениците бараат да учат странски јазик на современ начин, преку компјутери, а наставникот се буни дека компјутерите се за играње и друга забава, а не за учење. |
| Двајца наставници се расправаат за оценката на Башким. Едниот смета дека треба да биде 5 бидејќи татко му е нивен колега, а другиот наставник смета дека 5 се става само за знаење. | Дамир одбива да свири во бенд со другарите бидејќи претходниот ден не го повикале во кино. |
| Лејла и Лила се расправаат која ќе седне на предното седиште од автомобилот. | Маж и жена се караат дали ќе гледаат една хумористична серија на канал 7 или друга хумористична серија на канал 8. |

**Работен лист за учениците II-10.5а: Избегнување**



**Работен лист за учениците II-10.5б: Спротивставување**



**Работен лист за учениците II-10.5в: Разговарање**



„ЈАС ОБРАЌАЊЕ"

**Наставничката му става на Оливер единица по математика затоа што е недисциплиниран на часот.**

**Оливер ѝ се обраќа на наставничката:**

СЕ ЧУВСТВУВАМ **навредено**

КОГА ВИЕ **ми ставате единица по математика без да ме испрашате.**

БИ МОЛЕЛ **да ме испрашате пред да ме оцените, а доколку процените дека и понатаму сум недисциплиниран, преземете соодветни дисциплински мерки.**



Марија му бара на Дарко да ѝ ја врати тетратката што му ја позајмила, а Дарко ѝ ја враќа испокината, оправдувајќи се дека тоа го сторила неговата помала сестра.




Марија му се обраќа на Дарко користејќи „ЈАС"-ОБРАЌАЊЕ:

Се чувствувам ______________________________

(се именува непријатното чувство)

кога ти/вие ______________________________

______________________________

(се опишува проблематичната постапка)

Би сакал-а/молел-а ______________________________

______________________________

(се нуди решение)

**Леарт** мирно чека да се симнат патниците од автобусот за да може тој да се качи, кога едно дете го истуркува за да се качи пред него.




**Леарт** му се обраќа на детето користејќи „ЈАС“-ОБРАЌАЊЕ:

Се чувствувам ______________________________
(се именува непријатното чувство)

кога ти/вие ______________________________
______________________________
(се опишува проблематичната постапка)

Би сакал-а/молел-а ______________________________
______________________________
(се нуди решение)

Таткото ѝ се заканува на Зана дека ќе го исклучи телевизорот ако таа продолжи да ја гледа омилената ТВ серија, одбивајќи да тркне до продавницата по леб.




Зана му се обраќа на таткото користејќи „ЈАС"-ОБРАЌАЊЕ:

Се чувствувам ______________________________
(се именува непријатното чувство)

кога ти/вие ______________________________
______________________________
(се опишува проблематичната постапка)

Би сакал-а/молел-а ______________________________
______________________________
(се нуди решение)

**Работен лист за учениците III–1.1: Комплет од десет права**



**Член 19.**

Децата не смеат да бидат повредувани.



**Член 9/18.**

Детето има право на родители што ќе се грижат за него.




**Член 7.**

Секое дете има право на име и на државјанство.



**Член 12.**

Детето има право да каже што мисли за сите работи што се однесуваат на него.



**Член 15.**

Децата имаат право да се дружат.




**Член 42.**

Секое дете има право да ги знае своите права.



**Член 32.**

Децата имаат право да бидат заштитени од тешка работа.



**Член 31.**

Децата имаат право да играат.



**Член 23.**

Детето што има некој хендикеп има право на посебна грижа и право да расте со другите деца.



**Член 38.**

Децата имаат право на заштита во време на војна.

**Работен лист за учениците III–1.2: Комплет од шест парови слики на права и одговорности**

Член 12 Имам право слободно да го изразувам своето мислење





Член 15 Имам право слободно да се дружам со други деца





Член 24 Имам право да ме лечат кога сум болно





Член 28 Имам право да одам на училиште и да се образувам





Член 16 Имам право на приватност и право да ги чувам своите чест и углед





Член 19 Имам право на заштита од насилство





**Работен лист за учениците III–1.3а: Картички за играње – права**

**Картичка со права 1**

Родителите на другарка ти ова лето се разделија, но таа сè уште живее со обата родители: една недела со едниот, а друга недела со другиот родител зашто тоа е нејзин избор.
Оди напред 2 полиња!

Член 12
Почитување на погледите на детето
Децата имаат право да го изразат своето мислење затоа што треба да се случи кога родителите донесуваат одлуки кои и нив ги засегаат, и нивните мислења треба да бидат земени предвид.

**Картичка со права 2**

Ти учеше дека ако западнеш во сериозен проблем секогаш може да побараш помош. Ако се јавиш на СОС-телефон и ја објасниш ситуацијата, надлежните ќе ти овозможат контакт со организации кои се обидуваат да им помогнат на децата кои се напуштени, злоупотребени или имаат други проблеми.
Оди напред 2 полиња!

Член 19
Заштита од сите форми на насилство, злоставување и запоставување
Владите треба да обезбедат децата да добиваат адекватна грижа и нив да ги заштитат од насилство, злоупотреба и запоставување од страна на нивните родители или од кој било друг кој се грижи за нив.

Член 36
Заштита од други форми на експлоатација
Децата треба да бидат заштитени од секакви активности кои можат да им наштетат на нивниот развој и добросостојба.

**Картичка со права 3**

Во одделението на другар ти децата кои имаат поголеми потешкотии во учењето добиваат дополнителна помош од наставниците.
Оди напред 2 полиња!

Член 23
Деца со пречки во развојот
Деца коишто имаат каков било вид на попреченост во развојот треба да имаат посебна грижа, поддршка и образование така што ќе можат да водат исполнет и независен живот до своите максимални граници.

**Картичка со права 4**
Директорката на твоето училиште дознала дека некои деца од твојата населба не доаѓале на училиште затоа што нивните родители немаат доволно пари за учебници. Директорката успеа да стапи во контакт со нив и да ги убеди да ги испратат децата на училиште и обезбеди бесплатни учебници.
Оди напред 2 полиња!

Член 28
Право на образование
Децата имаат право на образование, односно право да одат на училиште... Основното образование треба да биде бесплатно.

**Картичка со права 5**
Ти имаш право да ги знаеш твоите човекови права!
Оди напред 4 полиња!

Член 29
Цели на образованието
Образованието треба да ја развие личноста на детето, како и неговите вештини и таленти до максимум. Образованието ги подготвува децата за живот. Тоа треба да ги охрабри децата да ги почитуваат своите родители, својата култура, како и културата на другите нации.

**Картичка со права 6**
На наставниците во твоето училиште не им е дозволено физички да ги казнуваат децата, ниту пак нив да ги навредуваат, дури и кога тие лошо се однесуваат.
Оди напред 2 полиња!

Член 28
Право на образование
Дисциплината во училиштата треба да го има предвид човековото достоинство на секое дете; насилство (физичко и ментално) не треба да се користи за дисциплинирање.

**Картичка со права 7**
Во твоето училиште има многу скали, но и лифтови и рампи така што луѓето кои не можат добро да одат и користат колички, можат да се движат насекаде.
Оди напред 3 полиња!

Член 23
Деца со пречки во развојот
Деца коишто имаат каков било вид на пречки и хендикеп треба да имаат специјална грижа, поддршка и образование така што ќе можат да водат исполнет и независен живот најдобро што можат.

**Картичка со права 8**
Таткото на твојата другарка имал тешка незгода и не може да работи подолго време. Додека тој закрепнува, владата му помага на семејството за да има доволно пари за храна и стан.
Оди напред 2 полиња!

Член 26
Користење на социјална заштита
Општеството каде што живее детето треба да му обезбеди социјално осигурување (образование, култура, прехрана, здравје и социјална благосостојба) кое му помага да се развива и да живее во добри услови. Владата треба да обезбеди дополнителни пари за деца од семејства кои се во неволја.

**Картичка со права 9**
Ти учиш дека твоите права треба да бидат заштитени дури и за време на војна и дека има посебни договори за да бидеш сигурен ако тоа се случи. Оди напред 2 полиња!

Член 38
Заштита на деца во услови на воен конфликт
Владите не треба да дозволат деца помали од 15 год. да земат учество во армијата или да земат какво било директно учество во воени дејства. Уште повеќе, децата во воени зони треба да добијат посебна заштита.

**Картичка со права 10**
Во твојата населба има библиотеки за деца, списанија, филмови, игри и ТВ емисии направени специјално за деца така што ти можеш да знаеш и да разбереш што се случува во светот.
Оди напред 2 полиња!

Член 13
Слобода на изразување и информирање
Децата имаат право да бараат, даваат и да разменуваат информации во сите форми (уметност, пишана форма, радио и електронска) сè додека тие информации не им наштетуваат ним или на другите.

**Картичка со права 11**
За жал, треба да одиш на операција. Но, добро е што ти имаш право на посебна заштита и грижа, па дури имаш право и еден од твоите родители или некој што ти го сакаш да остане со тебе во болница!
Оди напред 2 полиња!

Член 24
Здравствена заштита и здравствени услуги
Децата имаат право на добра здравствена заштита која подразбира лекови, болници и доктори кога се болни. Децата исто така имаат право на чиста вода, здрава храна и чиста околина, за да може да останат здрави. Богатите земји треба да им помогнат на посиромашните земји за да го достигнат ова.

**Работен лист за учениците III–1.3б: Картички за играње – казнени картички**

**Казнена картичка 1**
Другар/другарка ти го губи еднииот чевел, но нема доволно пари да купи друг пар чевли. Училиштето вели дека не може во него да влезат ученици кои се босоноги.
Оди назад 2 полиња!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 2**
Родителите на едно од децата со коешто учиш се Роми. Нивното семејство има проблем да најде место за живеење затоа што луѓето не ги прифаќаат и велат: „Тие се различни".
Оди назад 4 полиња!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 3**
Ти учиш дека во некои земји има деца кои се присилени да војуваат. Тие се гладни, жедни и многу исплашени.
Оди назад на полето 1!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 4**
Едно девојче од твоето училиште се занимава со манекенство. Таа заработува многу пари и нејзината слика ја има во весници. Но, таа често отсуствува од часови и нема време да ја напише својата домашна задача или да игра со пријателите. Таа изгледа навистина уморно.
Оди назад 2 полиња!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 5**
Во училиштето ни е дозволено да го зборуваме само официјалниот јазик на државата. Децата кои зборуваат на друг јазик се казнети ако зборуваат на својот јазик, дури и ако на него зборуваат на игралиште.
Пропушти го твојот ред!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 6**
Во твојата населба има училиште каде што се добредојдени деца од неколку различни религии, но деца кои не се религиозни не се пуштаат во него.
Пропушти го твојот ред!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 7**
Родителите на другар ти се разведоа минатата година. Сега мајката не дава тој да го види својот татко или своите баба и дедо. Нему навистина таткото му недостасува.
Оди назад 3 полиња!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 8**
Има девојче во твоето одделение коешто никогаш не може да игра по часовите, ниту пак има време да учи затоа што треба да се грижи за своите помалечки браќа и сестри.
Оди назад 3 полиња!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 9**
Момче во твоето одделение одбива да помогне со чистење после ручекот зашто вели: „Чистењето е работа за девојчиња!"
Оди назад 2 полиња!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

**Казнена картичка 10**
Момчињата во твоето училиште имаат фудбалски тим и многу други спортски екипи по часовите, а девојчињата немаат ниту една екипа.
Оди назад 2 полиња!

Дали го знаеш правото со кое можеш да ја неутрализираш оваа казна?

## Работен лист за учениците III–1.3в : Лист со неутрализирачки права

**Неутрализирачко право: член 27, Соодветен животен стандард**
Децата треба да живеат во добри животни услови кои се адекватни на нивните физички и ментални потреби. Владата треба да им помогне на семејствата кои не можат ова да го обезбедат.

**Неутрализирачко право: член 2, Недискриминација**
Правата од Конвенцијата се однесуваат на секого независно од неговата раса, боја, религија, пол, способности, размислувања, искажувања, јазикот што го зборува, од каде и да доаѓа, а државата мора да го заштити детето од каква било дискриминација.

**Неутрализирачко право: член 38, Заштита на деца во услови на воен конфликт**
Владите не треба да дозволат деца помлади од 15 год. да земат учество во армијата или да земат какво било директно учество во воени дејствија. Уште повеќе, децата во воени зони треба да добијат посебна заштита.

**Неутрализирачко право: член 29, Цели на образованието**
Образованието треба да ја развие личноста на детето како и неговите вештини и таленти до максимум. Образованието ги подготвува децата за живот. Тоа треба да ги охрабри децата да ги почитуваат своите родители, својата култура како и културата на другите нации.

**Неутрализирачко право: член 30, Деца од малцинства и автохтони народи**
Децата кои припаѓаат на малцинства и на автохтони народи имаат право да го научат и да го користат јазикот и обичаите на нивните семејства, без разлика дали тие се споделени од страна на мнозинството во земјата или не.

**Неутрализирачко право: член 14, Слобода на мислење, уверување и религија**
Децата имаат право да мислат и да веруваат што сакаат и да ја практикуваат својата религија сè додека не ги попречуваат другите луѓе во уживање на нивните права. Родителите треба да ги воведат децата во овие работи.

**Неутрализирачко право: член 9, Родители што ќе се грижат за него**
Децата не треба да бидат разделени од своите родители, освен ако тоа е за нивно добро, на пример во случај кога родителот лошо се однесува или го запоставува детето. Децата чии родители се раздвоени имаат право да останат во контакт со обата родители, освен ако тоа може да го повреди детето. Владата има обврска да ги обезбеди сите неопходни информации за исчезнат член на семејството.

**Неутрализирачко право: член 31, Слободно време, игра и култура**
Сите деца имаат право на одмор и игра како и да се приклучат кон голем број рекреативни и културни активности.

**Неутрализирачко право: член 32, Заштита од тешка работа**
Владата треба да ги заштити децата од работа којашто е опасна или којашто би можела да му наштети на нивното здравје или образование или којашто може да води кон нивна експлоатација.

Работен лист за учениците III–1.3г: Табла за играње

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 12 | 11 | 10 | 9 | 8 | 7 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 24 | 23 | 22 | 21 | 20 | 19 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| 36 | 35 | 34 | 33 | 32 | 31 |
| 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 |
| 43 | 44 | 45 | 46 | 47 | 48 |

## Работен лист за учениците III–1.3д: Конвенција за правата на децата

**Конвенција за правата на детето**

**ПРЕАМБУЛА**

**Државите-членки на оваа конвенција,**

сметајќи дека во согласност со принципите прокламирани во Повелбата на Обединетите нации, признавањето на вроденото достоинство и на еднаквите и неотуѓиви права на сите припадници на човечката заедница, претставува основа на слободата, правдата и мирот во светот,

имајќи предвид дека народите на Обединетите нации во Повелбата одново ја потврдија вербата во основните права на човекот и достоинството и вредноста на човечката личност и решија да придонесуваат кон социјалниот напредок и подигањето на животниот стандард во поголема слобода,

свесни дека Обединетите нации во Општата декларација за правата на човекот и во меѓународните пактови за правата на човекот прокламираа и се согласија дека на секој поединец му припаѓаат сите права и слободи содржани во нив, без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло и имотната состојба, раѓањето или друг статус,

потсетувајќи дека Обединетите нации во Општата декларација за правата на човекот прокламираа дека на детството му припаѓаат посебна грижа и помош,

уверени дека на семејството, како основна единица на општеството и природна средина за развој и благосостојба на сите негови членови, а посебно на децата, треба да им биде дадена неопходна заштита и помош за да може во целост да ги преземе одговорностите во заедницата,

свесни за фактот дека детето, заради целосен и хармоничен развој на личноста, треба да расте во семејна средина, во атмосфера на среќа, љубов и разбирање,

сметаат дека детето треба во целост да биде подготвено да живее самостојно во општеството и да биде воспитано во духот на идеалите прокламирани во Повелбата на Обединетите нации, а посебно во духот на мир, достоинство, толеранција, слобода, рамноправност и солидарност,

имајќи предвид дека потребата за посветување посебна грижа за детето е изнесена во Женевската декларација за правата на детето од 1924 година и во Декларацијата за правата на детето што ја усвоија Обединетите нации во 1959 година и призната во Општата декларација за правата на човекот, во Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права (посебно во член 23 и член 24), во Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права (посебно во член 10) и во статутите и соодветните инструменти на специјализираните агенции и меѓународните организации што се занимаваат со заштита на децата,

имајќи предвид, како што е назначено во Декларацијата за правата на детето што ја усвои Генералното собрание на 20 ноември 1959 година, дека „на детето, со оглед на неговата физичка и ментална незрелост, му се потребни посебна заштита и грижа, вклучувајќи соодветна правна заштита, како пред, така и по раѓањето",

потсетувајќи на одредбите на Декларацијата за социјалните и правните принципи што се однесуваат на заштитата и благосостојбата на децата, со посебен осврт врз националното и меѓународното старателство и посвојувањето, Правилата на Обединетите нации за стандардниот минимум во малолетничкото правосудство (Пекиншки правила) и Декларацијата за заштита на жените и децата во случај на вонредна состојба и вооружен судир,

свесни дека во сите земји во светот има деца кои живеат во вонредно тешки услови и дека на тие деца им е неопходна посебна грижа,

земајќи го предвид значењето на традициите и на културните вредности на секој народ за заштита и хармоничен развој на детето,

свесни за значењето на меѓународната соработка за подобрување на условите за живот на децата во сите земји, посебно во земјите во развој,

се согласија за следново:

**ПРВ ДЕЛ**

Член 1

За целите на оваа конвенција, дете е секое човечко суштество кое не наполнило осумнаесет години возраст, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетство не се стекнува порано.

Член 2

1. Државите-членки на оваа конвенција ги почитуваат и ги обезбедуваат правата содржани во Конвенцијта на секое дете под нивна јурисдикција, без никаква дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, раѓањето или друг статус на детето или на неговиот родител или законит старател.

2. Државите-членки ги преземаат сите потребни мерки за да се обезбеди заштита на детето од сите форми на дискриминација или казна засновани врз статусот, активностите, изразеното мислење или убедување на родителите, на законитите старатели или на членови на семејството на детето.

Член 3

1. Во сите активности што се однесуваат на децата од примарно значење се интересите на детето, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавни или приватни институции за социјална заштита, судови, административни органи или законодавни тела.

2. Државите-членки се обврзуваат на детето да му обезбедат таква заштита и грижа што е неопходна за неговата добросостојба, земајќи ги предвид правата и обврските на неговите родители, законските старатели или други поединци кои се правно одговорни за детето и ги преземаат за таа цел сите потребни законодавни и административни мерки.

3. Државите-членки се грижат институциите, службите и установите кои се одговорни за грижа или за заштита на децата да бидат во согласност со стандардите што ги утврдиле надлежните органи, посебно во областа на сигурноста, здравјето, бројот и подобноста на персоналот, како и стручниот надзор.

Член 4

Државите-членки ги преземаат сите соодветни законодавни, административни и други мерки за остварување на правата признати во оваа конвенција. Во врска со економските, социјалните и културните права државите-членки ги преземаат таквите мерки максимално користејќи ги своите расположиви средства, а каде што е тоа потребно во рамките на меѓународната соработка.

Член 5

Државите-членки ги почитуваат одговорностите, правата и должностите на родителите или, каде што е тоа случај, на членовите на поширокото семејство или заедницата, како што е предвидено со локалните обичаи, на законските старатели или на други лица законски одговорни за детето, на начин кој е во согласност со развојот на способностите на детето да ги обезбедат, да го упатат и да го насочуваат детето во остварувањето на неговите права што се признати во оваа конвенција.

Член 6

1. Државите-членки признаваат дека секое дете има вродено право на живот.

2. Државите-членки го обезбедуваат во најголема можна мера опстанокот и развојот на детето.

Член 7

1. Детото се пријавува веднаш по раѓањето и од раѓањето има право на име, право на грижење, државјанство и, ако е тоа можно, право да знае кои му се родителите и право на нивно грижење.

2. Државите-членки ги обезбедуваат остварувањето на овие права во согласност со националните закони и со своите обврски во согласност со соодветните меѓународни инструменти од оваа област, посебно во случаите каде што детето инаку би било апатрид.

Член 8

1. Државите-членки се обврзуваат да го почитуваат правото на детето на зачувување на својот идентитет, вклучувајќи ги државјанството, името и семејните врски, како што е тоа признаено со закон, без незаконито мешање.

2. Во случаите кога детето е непријатно лишено од некој или од сите елементи на својот идентитет, државите-членки даваат соодветна помош и заштита за да му биде вратен идентитетот што побргу.

Член 9

1. Државите-членки обезбедуваат ниту едно дете да не биде одвоено од своите родители против нивната волја, освен кога надлежните органи, врз основа на судски увид, ќе одлучат, во согласност со соодветниот закон и процедури, дека таквото раздвојување е неопходно и во најдобар интерес на детето. Таквата одлука може да биде неопходна во определен случај, како на пр. малтретирање или запоставување на детето од страна на родителите или ако родителите живеат одвоено па мора да се донесе одлука за местото на домување на детето.

2. Во секоја постапка во согласност со точка 1, сите заинтересирани страни ќе добијат можност да учествуваат во постапката и да го изнесат своето мислење.

3. Државите-членки го почитуваат правото на детето кое е одвоено од едниот или од обата родители да одржува лични односи и непосредни контакти со обата родители врз постојана основа, освен ако е тоа во спротивност со најдобрите интереси на детето.

4. Во случаите кога раздвојувањето е последица од мерка што ја презела држава-членка, како што се притвор, затвор, прогонство, депортација или смрт (вклучувајќи смрт што поради која и да било причина ќе настапи додека е во грижа на државата) на едниот или на обата родители или на детето, државата-членка, по барање на родителите, на детето или, ако случајот е таков, на друг член на семејството, ќе им обезбеди основни информации за местото на престојот на отсутниот член/членови на семејството, ако давањето таква информација не е на штета на добросостојбата на детето. Државите-членки, понатаму, се грижат поднесувањето на такво барање, само по себе, да не повлекува никакви штетни последици за заинтересираното лице/лица.

Член 10

1. Во согласност со обврските на државите-членки во согласност со член 9 точка 1, барањата на детето или на неговите родители да влезат во државата-членка или да ја напуштат заради спојување на семејството, државите-членки ги решаваат на позитивен, хуман и експедитивен начин. Државите-членки, исто така, обезбедуваат поднесувањето на такво барање да не повлекува никакви штетни последици за подносителите на барањето и за членовите на нивните семејства.

2. Детето чии родители живеат во различни држави има право да одржува лични врски и непосредни контакти со обата родители врз постојана основа, освен под исклучителни околности. За таа цел и во согласност со обврската на државите-членки во согласност со член 9 точка 2, државите-членки го почитуваат правото на детето и на неговите родители да ја напуштат секоја земја, вклучувајќи ја и сопствената, како и да влезат во својата земја. Правото на напуштање на секоја земја подлежи само на оние ограничувања што се пропишани со закон и што се потребни заради заштита на националната безбедност, јавниот ред (*ордре публиц*), јавното здравје и морал или правата и слободите на други и што се во согласност со другите права признати во оваа конвенција.

Член 11

1. Државите-членки преземаат мерки за борба против нелегалниот трансфер и невраќањето на децата од странство.

2. За таа цел, државите-членки го поттикнуваат склучувањето на билатерални или мултилатерални спогодби или пристапувањето кон постојните спогодби.

Член 12

1. Државите-членки му обезбедуваат на детето, кое е способно да формира свое сопствено мислење, право на слободно изразување на тоа мислење за сите прашања што се однесуваат на детето, со тоа што на мислењето на детето му се посветува должно внимание во согласност со годините на возраста и зрелоста на детето.

2. За таа цел, на детето посебно му се дава прилика да биде сослушано во сите судски и административни постапки што се однесуваат на него, било непосредно или преку застапник или соодветен орган, на начин којшто е во согласност со процедуралните правила на националниот закон.

Член 13

1. Детето има право на слобода на изразување која опфаќа и слобода да бара, да прима и да дава информации и идеи од сите видови, без оглед на границите, било усно или писмено или преку печат, по пат на уметноста или некој друг медиум, по избор на детето.

2. Остварувањето на ова право може да подлежи на извесни ограничувања, но само на оние што се определени со закон и што се неопходни:

а) заради почитување на правата или угледот на други; или

б) заради заштита на националната безедност или јавниот ред (*ордре йублиц*) или јавното здравје или моралот.

Член 14

1. Државите-членки ги почитуваат правото на детето на слобода на мислење, совест и вероисповед.

2. Државите-членки ги почитуваат правата и должностите на родителите и, каде што е таков случајот, на законитите старатели да го насочуваат детето во остварување на неговото право на начин којшто е во согласност со развојот на неговите способности.

3. Слободата на пројавување вероисповед или убедување може да подлежи само на оние ограничувања што се пропишани со закон и што се неопходни заради заштита на јавната сигурност, редот, здравјето или моралот или на основните права и слободи на други.

Член 15

1. Државите-членки го признаваат правото на детето на слобода на здружување и слобода на мирно собирање.

2. Не можат да се наметнат никакви ограничувања на остварување на овие права освен оние што се во согласност со законот и што се неопходни во демократското општество во интерес на националната безбедност или јавната сигурност, јавниот ред (*ордре йублиц*), заштитата на јавното здравје или моралот или заштитата на правата и слободите на другите.

Член 16

1. Ниту едно дете не смее да биде изложено на самоволно или незаконито мешање во неговиот приватен или семеен живот, дом или лична преписка, како ни на незаконити напади врз неговитае чест и углед.

2. Детето има право на законска заштита од таквото мешање или напад.

Член 17

Државите-членки ја признаваат значајната улога на средствата за јавно информирање и на детето му овозможуваат пристап до информациите и материјалите од различни национални и меѓународни извори, посебно оние чија цел е унапредување на неговото социјално, духовно и морално добро и на физичкото и менталното здравје. За таа цел, државите-членки:

а) ги поттикнуваат средствата за јавно информирање да шират информации и материјали од социјален и културен интерес за детето и во согласност со духот на член 29;

б) ја поттикнуваат меѓународната соработка во производството, размената и ширењето на таквите информации и материјали од различни културни, национални и меѓународни извори;

в) го поттикнуваат објавувањето и ширењето на детски книги;

г) ги поттикнуваат средствата за јавно информирање да им посветат посебно внимание на лингвистичките потреби на детето кое и припаѓа на малцинска група или кое е од автохтоно потекло;

д) го поттикнуваат развојот на соодветни насоки за заштита на детето од информациите и материјалите што му штетат на неговото добро, имајќи ги предвид одредбите на чл. 13 и чл. 18.

Член 18

1. Државите-членки ќе ги вложат сите напори за да се уважува начелото обата родители да имаат заедничка одговорност во подигањето и развојот на детето. Родителите или, во зависност од случајот, законитите старатели, имаат главна одговорност за подигањето и развојот на детето. Интересите на детето се нивна основна грижа.

2. Заради гарантирање и унапредување на правата содржани во оваа конвенција, државите-членки им даваат на родителите и на законитите старатели соодветна помош во вршењето на должноста за воспитување на детето и го обезбедуваат развојот на институциите, објектите и службите за грижа за децата.

3. Државите-членки ги преземаат сите соодветни мерки за да обезбедат децата на вработените родители да ги користат услугите на детските установи и објекти.

Член 19

1. Државите-членки ги преземаат сите соодветни законодавни, административни, социјални и образовни мерки заради заштита на детето од сите форми на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреба, запоставување или немарен однос, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба, додека е на грижа кај родителите, законските старатели или некое друго лице на кое му е доверена грижата за детето.

2. Тие заштитни мерки треба да опфатат, по потреба, ефикасни постапки за востановување на социјални програми за да се обезбеди поддршката неопходна на детето и на оние на кои им е доверена грижата за детето, како и други форми на спречување, утврдување, пријавување, проследување, истрага, постапување и следење на случаите на наведеното малтретирање на детето и, по потреба, обраќање до судот.

Член 20

1. Детето кое е привремено или трајно лишено од семејната средина или на кое, во негов најдобар интерес, не му е дозволено да остане во тој круг, има право на посебна заштита и помош од државата.

2. Државите-членки, во согласност со своите национални закони, обезбедуваат алтернативна грижа за тоа дете.

3. Таа грижа треба да опфаќа, меѓу другото, сместување во друго семејство, кафалах според исламското право, посвојување или, ако е неопходно, сместување во соодветни установи за грижа на децата. При разгледување на решението треба да се обрне должно внимание и на фактот дека е пожелен континуитет во подигањето на детето, како и на етничкото, верското, културното и лингвистичкото потекло на детето.

Член 21

Државите-членки кои го признаваат и/или го дозволуваат системот на посвојување обезбедуваат најдобрите интереси на детето да бидат решавачки и:

а) обезбедуваат усвојувањето на детето да го одобрува само надлежниот орган кој утврдува, во согласност со односниот закон и процедурите и врз основа на сите релевантни и сигурни информации, дека посвојувањето се дозволува со оглед на положбата на детето во врска со родителите, роднините и законитите старатели и, по потреба, дека заинтересираните лица свесно дале согласност за усвојување врз основа на таквиот совет кој може да биде потребен;

б) признаваат дека меѓудржавното усвојување може да се смета како алтернативна можност за грижа за детето ако детето не може да се смести во друго семејство или да биде посвоено или ако за него не може да се води грижа на адекватен начин во земјата на неговото потекло;

в) обезбедуваат детето на кое се однесува меѓудржавното посвојување да ужива заштита и стандарди еднакви на оние што постојат во случај на посвојување во рамките на една земја;

г) ги преземаат сите соодветни мерки сместувањето да нема, во случај на меѓудржавно посвојување, како последица неоправдана финансиска корист за оние што ќе учествуваат во тоа;

д) ги унапредуваат, каде што е тоа згодно, целите на овој член со склучување на билатерални или мултилатерални аранжмани или спогодби и настојуваат, во тие рамки, сместувањето на детето во друга земја да го извршат надлежните органи или тела.

Член 22

1. Државите-членки преземаат соодветни мерки за да му овозможат на детето кое бара статус на бегалец или кое се смета како бегалец, во согласност со соодветниот меѓународен или национален закон и процедури, без оглед на тоа дали е детето во придружба на своите родители или на некое друго лице или не, да добие соодветна заштита и хуманитарна помош во остварувањето на правата содржани во оваа конвенција и во другите меѓународни инструменти за правата на човекот или за хуманитарните прашања чии членки се споменатите држави.

2. За таа цел, државите-членки, ако сметаат дека е тоа целесообразно, учествуваат во сите напори на Обединетите нации и на другите надлежни меѓувладини или невладини организации што соработуваат со Обединетите нации заради заштита и давање помош на тоа дете и заради наоѓање на родителите или на другите членови на семејството на детето бегалец за да се прибават информациите неопходни за спојување со неговото семејство. Во случаите кога не можат да се пронајдат родителите ниту другите членови на семејството, на детето му се дава еднаква заштита како и на сите други деца кои се постојано или привремено лишени од семејниот круг поради која и да било причина, како што е тоа наведено во оваа конвенција.

Член 23

1. Државите-членки признаваат дека ментално заостанато или физичко инвалидно дете треба да ужива полн и достоен живот, во услови со кои се обезбедува неговото достоинство, се поттикнува самостојноста и се олеснува активното учество на детето во заедницата.

2. Државите-членки го уважуваат правото на инвалидното дете на посебна нега и ќе поттикнуваат и обезбедуваат помош на детето кое за тоа ги исполнува условите и на оние кои се одговорни за грижата за него, за која е поднесено барање, во зависност од расположивите средства, а што одговара на состојбата на детето и на условите на родителите или на другите лица кои се грижат за детето.

3. Уважувајќи ги посебните потреби на инвалидното дете, помошта во согласност со точка 2 се дава бесплатно секогаш кога е тоа можно, имајќи ги предвид финансиските средства на родителите или на другите лица кои се грижат за детето и која е осмислена така што инвалидното дете да има ефикасен пристап и да добива образование, обука, услуги на здравствена заштита, рехабилитација, подготовка за вработување и можности за рекреација на начин којшто придонесува за остварување на што поцелосна општествена интеграција и личен развој на детето, вклучувајќи културен и духовен развој.

4. Државите-членки преземаат врз себе обврска да ја унапредуваат и да ја поттикнуваат меѓународната соработка заради постепено постигање целосна реализација на правата од овој член. Во тој поглед, посебно ќе се земат предвид потребите на земјите во развој.

Член 24

1. Државите-членки го признаваат правото на детето на највисоко ниво на здравствена и медицинска заштита и на рехабилитација. Државите-членки ќе настојуваат ниту едно дете да не биде лишено од правото на таква здравствена заштита.

2. Државите-членки ќе се залагаат за целосно остварување на ова право и, посебно, ќе преземаат соодветни мерки за:

а) намалување на смртноста на доенчињата и децата;

б) обезбедување неопходна медицинска помош и здравствена заштита на сите деца, со акцент врз развојот на примарната здравствена заштита;

в) спречување на болести и потхранетост, вклучувајќи ги во рамките на примарната здравствена заштита, меѓу другото, примената на лесно достапна технологија и обезбедувањето на адекватни хранливи продукти и чиста вода за пиење, земејќи ги предвид опасностите и ризикот од загадувањето на животната средина;

г) обезбедување соодветна заштита на мајката пред и по раѓањето на детето;

д) овозможување на сите сегменти на општеството, посебно на родителите и децата, да бидат информирани, како и да им се даде поддршка во користењето на основните знаења за здравјето, исхраната на детето, предностите на доењето, хигиената и хигиенските услови на животната средина, како и за спречување на несреќите;

ѓ) развој на превентивна здравствена заштита, совети за родителите и образованието и давање услуги во врска со планирање на семејството.

3. Државите-членки ги преземаат сите ефикасни и соодветни мерки за укинување на традиционалната практика која му штети на здравјето на децата.

4. Државите-членки преземаат врз себе обврска да ја унапредуваат и да ја поттикнуваат меѓународната соработка заради постепено постигање целосна реализација на правата од овој член. Во тој поглед, посебно ќе се земат предвид потребите на земјите во развој.

Член 25

Државите-членки го уважуваат правото на детето што надлежните органи го згрижиле заради грижа, заштита или лекување на неговото физичко или ментално здравје, на периодични проверки на лекувањето што му се обезбедува на детето и сите други околности од значење за неговото згрижување.

Член 26

1. Државите-членки го уважуваат правото на секое дете да користи социјална заштита, вклучувајќи социјално осигурување, и ги преземаат сите мерки неопходни за целосно остварување на тоа право, во согласност со националните закони.

2. Овие повластици треба да бидат признати, ако тоа одговара, земајќи ги предвид средствата и условите на детето и на лицата што се одговорни за издржување на детето, како и сите други услови од значење за барањата за повластици што ќе ги поднесе детето или што ќе се поднесат од негово име.

Член 27

1. Државите-членки му признаваат право на секое дете на животен стандард примерен на физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и друштвениот развој на детето.

2. Родителот(ите) или другите лица одговорни за детето имаат првенствено одговорност, во рамките на своите способности и финансиски можности, да обезбедат животни услови потребни за развој на детето.

3. Државите-членки, во согласност со националните услови и своите можности, преземаат соодветни мерки за помош на родителите и на другите лица одговорни за детето, заради остварување на ова право и, во случај на потреба, обезбедуваат материјална помош и програми за потпора, посебно во поглед на исхраната, облеката и домувањето.

4. Државите-членки ги преземаат сите соодветни мерки за да обезбедат детето да добива издржување од родителите или од другите лица кои се финансиски одговорни за детето, како во рамките на државите-членки така и од странство. Посебно, ако лицето кое е финансиски одговорно за детето не живее во иста држава во која и детето, државите-членки го поттикнуваат пристапувањето кон меѓународни спогодби, односно склучувањето на такви спогодби, како и кон други соодветни аранжмани.

Член 28

1. Државите-членки му признаваат право на детето на образование и, заради постепено остварување на тоа право врз основа на еднакви можности, посебно:

а) го прогласуваат основното образование како задолжително и бесплатно за сите;

б) го поттикнуваат развојот на различни форми средношколско образование, вклучувајќи го општото и стручното образование, кое им е достапно на сите деца и преземаат соодветни мерки, како што се воведување на бесплатно образование и укажување финансиска помош во случај на потреба;

в) на сите им овозможуваат стекнување на високо образование врз основа на способностите, користејќи адекватни средства;

г) на сите деца им ставаат на располагање образовни и стручни информации и услуги за професионална ориентација;

д) преземаат мерки за поттикнување на редовно школување и за намалување на испишувањето од училиштето.

2. Државите-членки ги преземаат сите соодветни мерки за да може дисциплината во училиштата да се спроведува на начин кој е во согласност со човечкото достоинство на детето и со оваа конвенција.

3. Државите-членки ја унапредуваат и ја поттикнуваат меѓународната соработка за прашањата што се однесуваат на образованието, посебно заради давање придонес за елиминација на незнаењето и неписменоста во светот и за олеснување на пристапот кон науката, техничкото знаење и кон современите методи на наставата. Во тој поглед, посебно внимание им се посветува на потребите на земјите во развој.

Член 29

1. Државите-членки се согласни дека образованието на детето треба да биде насочено кон:

а) развој на личноста на детето, развој на надареноста и менталните и физичките способности до крајни граници;

б) развој на почитувањето на правата на човекот и на основните слободи, како и почитување на принципите содржани во Повелбата на Обединетите нации;

в) развој на почитувањето на родителите на детето, неговиот културен идентитет, јазикот и вредностите, националните вредности на земјата во која детето живее и на земјата од која тоа потекнува, како и на цивилизациите што се различни од неговата;

г) подготвување на детето за одговорен живот во слободно општество, во духот на разбирањето, мирот, толеранцијата, еднаквоста на половите и пријателството помеѓу сите народи, етнички, национални и верски групи и лица од автохтоно потекло;

д) развој на почитувањето на природната средина.

2. Ниту една одредба од овој член, како ни член 28, не смее да се толкува така што да се ограничува слободата на поединци и тела да основаат и да управуваат со образовни установи, имајќи го секогаш предвид почитувањето на принципите изнесени во точка 1 од овој член и под услов образованието во таквите институции да биде во согласност со минималните стандарди што може да ги пропише државата.

Член 30

Во оние држави во кои постојат етнички, верски или јазички малцинства или лица од автохтоно потекло, детето кое му припаѓа на такво малцинство или е од автохтоно потекло не смее да биде лишено од правото, во заедница со другите припадници на групата, на своја култура, исповедување на својата вера и вршење на верски обреди или на употреба на својот јазик.

Член 31

1. Државите-членки му признаваат право на детето на одмор и слободно време, на игра и рекреација која и одговара на возраста на детето и на слободно учество во културниот живот и уметноста.

2. Државите-членки го почитуваат и го унапредуваат правото на детето на полно учество во културниот и уметничкиот живот и го поттикнуваат давањето на адекватни и еднакви можности за културни, уметнички, рекреативни и слободни активности.

Член 32

1. Државите-членки му признаваат право на детето на заштита од економска експлоатација и од работење на работа која може да биде опасна или да го спречува образованието на детето или да биде штетна за здравјето на детето, односно за неговиот физички, ментален, духовен, морален или социјален развој.

2. Државите-членки преземаат законодавни, административни, социјални и образовни мерки за примена на одредбите од овој член. За таа цел, а имајќи ги предвид соодветните одредби од другите меѓународни инструменти, државите-членки посебно:

а) ја определуваат минималната возраст за вработување;

б) обезбедуваат регулирање на работното време и на условите за работа;

в) определуваат соодветни казни или други санкции за да се обезбеди ефикасна примена на одредбите од овој член.

Член 33

Државите-членки ги преземаат сите соодветни мерки, вклучувајќи законодавни, административни, социјални и образовни мерки, за заштита на децата од нелегалната употреба на опојни droги и психотропни супстанции, како што е дефинирано со соодветните меѓународни договори, и за спречување на користењето на децата во нелегално производство и трговија со тие супстанции.

Член 34

Државите-членки се обврзуваат да го заштитат детето од сите форми на сексуално искористување и сексуална злоупотреба. За таа цел, државите-членки посебно ги преземаат сите соодветни национални, билатерални и мултилатерални мерки за спречување на:

а) наведување или присилување на детето да учествува во незаконити сексуални активности;

б) експлоататорско користење на децата во проституција или во други незаконити сексуални дејствија;

в) експлоататорско користење на децата во порнографски претстави и списанија.

Член 35

Државите-членки ги преземаат сите соодветни национални, билатерални и мултилатерални мерки за да се спречат насилното одведување, продажбата или трговијата со деца за која и да било цел и во која и да било форма.

Член 36

Државите-членки го штитат детето од сите други форми на експлоатација штетни за детето.

Член 37

Државите-членки обезбедуваат:

а) ниту едно дете да не биде изложено на мачење или други свирепи, нечовечки или понижувачки постапки или казни. Смртната казна и доживотната робија без можност за пуштање на слобода не можат да се изречат за кривични дела што ги сториле лица помлади од 18 години;

б) ниту едно дете не може да биде лишено од слобода незаконито или самоволно. Апсењето, притворот или затворот за дете мораат да бидат во согласност со законот и да се користат само како последна можна мерка и за најкратко можно време;

в) со дете лишено од слобода се постапува така што се почитува достоинството на човечката личност, како и на начин со кој се земаат предвид потребите на лице од негови години. Секое дете лишено од слобода се одвојува од возрасните, освен ако не се смета дека тоа е во најдобар интерес на детето и има право да одржува контакт со своето семејство преку писма и посети, освен во исклучителни случаи;

г) секое дете лишено од слобода има право на итна правна и друга соодветна помош, како и право да го постави пред судот или друг надлежен, независен и непристрасен орган прашањето за законитоста на лишувањето од слобода и на право на итна одлука за тоа прашање.

Член 38

1. Државите-членки се обврзуваат да ги почитуваат и да ги обезбедат почитувањето на правилата од меѓународното хуманитарно право што се применуваат на нив во вооружени судири, а што се однесуваат на детето.

2. Државите-членки ги преземаат сите практично изводливи мерки лицата што уште не наполниле петнаесет години возраст непосредно да не учествуваат во судири.

3. Државите-членки се воздржуваат од регрутирање во вооружените сили на лица што уште не наполниле петнаесет години возраст.

При регрутирање на оние лица што наполниле петнаесет години возраст, но не осумнаесет, државите-членки настојуваат да им дадат предност на најстарите.

4. Во согласност со обврските врз основа на меѓународното хуманитарно право да го штитат цивилното население во вооружени судири, државите-членки ги преземаат сите практично изводливи мерки за да се обезбедат заштита и грижа за децата погодени со вооружениот судир.

Член 39

Државите-членки ги преземаат сите соодветни мерки за подобро физичко и психичко закрепнување и социјална реинтеграција на детето кое е жртва на некоја форма на запоставување, експлоатација, злоупотреба, мачење или некоја друга форма на свирепо, нехумано или понижувачко постапување или казнување, или на вооружени судири. Таквото закрепнување и реинтеграција се одвиваат во средина која го поттикнува здравјето, самопочитувањето и достоинството на детето.

Член 40

1. Државите-членки му признаваат право на секое дете, за кое ќе се утврди, или кое е обвинето или за кое е признато дека го прекршило кривичниот закон, со него да се постапува на начин кој е во согласност со потткнувањето на неговото чувствување на достоинство и вредност, што го засилува неговото почитување на правата на човекот и основните слободи на другите и при што се земаат предвид возраста на детето и желбата да се подобри неговата реинтеграција и тоа да преземе конструктивна улога во општеството.

2. За таа цел и имајќи ги предвид соодветните одредби на меѓународните инструменти, државите-членки посебно обезбедуваат:

а) ниту за едно дете неосновано да не се тврди, да не биде обвинето или да не се признае дека го прекршило кривичниот закон поради дело или пропуст што не биле забранети со националните или меѓународните закони во времето кога се направени;

б) на секое дете за кое се тврди или кое е обвинето за кршење на кривичниот закон да му се дадат барем следните гаранции:

(I) да се смета за невино додека вината не се докаже според законот;

(II) да биде веднаш и директно известено за обвиненијата против него и ако е потребно неговите родители или законски старатели и да има правна или друга соодветна помош во подготовката и презентирањето на својата одбрана;

(III) постапката да се води без задоцнувања од страна на надлежен независен и непристрасен орган или судско тело, со справедливо сослушување во согласност со законот, во присуство на правна или друга соодветна помош, и освен ако не се смета дека тоа не е во интерес на детето, посебно земајќи ги предвид неговите години, или положбата на неговите родители или законски старатели;

(IV) да не биде присилено да сведочи или да признае вина; да се испитуваат или да бидат испитани сведоци на другата страна и да се обезбеди учество и испитување на неговите сведоци под еднакви услови;

(V) ако се смета дека го прекршило кривичниот закон, оваа одлука и секоја досудена мерка која од тоа произлегува, повторно да ја разгледува повисок, надлежен, независен и непристрасен орган или судско тело во согласност со законот;

(VI) да има бесплатна помош од преведувач ако детето не може да го разбере или не го зборува јазикот кој се користи;

(VII) да се почитува неговата приватност на сите нивоа на постапката.

3. Државите-потписнички ќе настојуваат да поттикнуваат донесување на закони, постапки, воспоставување на органи и установи применливи врз децата за кои се тврди, кои се обвинети и за кои се смета дека го прекршиле кривичниот закон, а посебно:

а) утврдување на најниската возраст под која децата не можат да бидат сметани како способни за кршење на кривичниот закон;

б) секогаш кога е тоа можно и пожелно, мерки за постапување со такви деца, без прибегнување кон судска постапка, со тоа што човечките права и законската заштита да бидат во целост почитувани.

4. Разновидноста на расположливите можности како што се грижа, советување, надзор; правно застапување; условно казнување; прифаќање; образование и програми на стручно насочување и други можности на институционална грижа ќе бидат на располагање за да се обезбеди со децата да се постапува на начин кој одговара на нивното добро и кој е пропорционален и на околностите и на стореното дело.

Член 41

Ниту една одредба од оваа конвенција нема да влијае врз кои и да било други одредби кои повеќе придонесуваат за остварување на правото на детето, а кои евентуално се наоѓаат:

а) во законите на државата-членка или

б) во меѓународното право што таа држава го применува

**ВТОР ДЕЛ**

Член 42

Државите-членки се обврзуваат да ги запознаат со принципите и одредбите на Конвенцијата што пошироко и на адекватен и активен начин како возрасните лица така и децата.

Член 43

1. Заради разгледување на постигнатиот напредок на државите-членки во извршувањето на обврските преземени врз основа на оваа конвенција, се основа Комитет за правата на детето, кој ги врши функциите наведени во натамошниот текст.

2. Комитетот го сочинуваат десет експерти со високи морални квалитети или со призната компетентност во областа на која се однесува оваа конвенција. Членовите на Комитетот ги избираат државите-членки од редовите на своите државјани и тие ги вршат своите должности во лично својство, при што се води сметка за подеднаквата географска застапеност, како и за главните правни системи.

3. Членовите на Комитетот се избираат со тајно гласање од листата на лицата што ги номинираат државите-членки. Секоја држава-членка може да номинира едно лице од редовите на своите државјани.

4. Првите избори за Комитетот се одржуваат најдоцна шест месеци по датумот на влегувањето на оваа конвенција во сила, а потоа секоја втора година. Најмалку четири месеци пред датумот на сите избори, Генералниот секретар на Обединетите нации им упатува писмо на државите-членки, повикувајќи ги да ги поднесат своите номинации во рок од два месеци. Генералниот секретар потоа ја подготвува листата на сите така номинирани лица по абецеден ред, назначувајќи ги и државите-членки што ги номинирале и им ја поднесува на државите-членки на оваа конвенција.

5. Изборите се одржуваат на состаноците на државите-членки што ги свикува Генералниот секретар во седиштето на Обединетите нации. На тие состаноци на кои кворум сочинуваат две третини од државите-членки, во Комитетот се избираат лицата што ќе добијат најголем број гласови и апсолутно мнозинство на гласовите од претставниците на државите-членки што се присутни и што гласаат.

6. Членовите на Комитетот се избираат на период од четири години. Можат повторно да се избираат ако бидат повторно номинирани. Мандатот на петмината членови избрани на првите избори истекува по две години. Веднаш по првите избори имињата на тие петмина членови ги утврдува со ждрепка претседавачот на состанокот.

7. Ако некој член на Комитетот умре или поднесе оставка или изјави дека од некоја друга причина не може повеќ е да ја врши должноста во Комитетот, државата-членка која го номинирала тој член именува друг експерт од редовите на своите државјани на истото место за преостанатиот дел од мандатот во зависност од одобрението на Комитетот.

8. Комитетот утврдува свој деловник.

9. Комитетот ги избира своите функционери на период од две години.

10. Состаноците на Комитетот обично се одржуваат во седиштето на Обединетите нации или во некое друго згодно место што ќе го определи Комитетот. Комитетот обично се состанува еднаш годишно. Должината на траењето на состанокот на Комитетот се определува и, по потреба, се преиспитува на состанокот на државите-членки на оваа конвенција, во зависност од согласноста на Генералното собрание.

11. Генералниот секретар на Обединетите нации обезбедува потребен персонал и услови за ефикасно вршење на функциите на Комитетот врз основа на оваа конвенција.

12. Со согласност на Генералното собрание, членовите на Комитетот, основан врз основа на оваа конвенција, примаат плата од средствата на Обединетите нации, под условите што ќе ги определи Собранието.

Член 44

1. Државите-членки се обврзуваат на Комитетот да му поднесуваат извештаи преку Генералниот секретар на Обединетите нации за мерките што ги усвоиле, а што придонесуваат за остварување на правата што се признати овде, како и за напредокот постигнат во остварувањето на тие права:

а) во рок од две години од влегувањето на Конвенцијата во сила во државите-членки;

б) потоа, секои пет години.

2. Во изештаите подготвени во согласност со овој член ќе се укаже на факторите и тешкотиите, ако ги има, што влијаат врз степенот на остварување на обврските по оваа конвенција. Извештаите треба да содржат доволно информации врз основа на кои Комитетот ќе има целосен увид во примената на Конвенцијата во односната земја.

3. Државата-членка која на Комитетот му поднела сеопфатен прв извештај не мора во своите наредни извештаи што се поднесуваат во согласност со точка 1 (б), да ги повторува основните информации што претходно веќе ги дала.

4. Комитетот може да побара од државите-членки додатни информации што се однесуваат на примената на Конвенцијата.

5. Комитетот му поднесува на Генералното собрание, преку Економскиот и социјален совет, секои две години извештаи за своите активности.

6. Државите-членки и ги ставаат извештаите на увид на јавноста во своите земји.

Член 45

Заради поттикнување на ефикасната примена на Конвенцијата и охрабрување на меѓународната соработка во областа за која говори оваа конвенција;

а) специјализираните агенции, УНИЦЕФ и други организации на Обединетите нации имаат право на присуство на свој претставник при рагледување на примената на оние одредби од оваа конвенција што се во нивна надлежност. Комитетот може да ги повика специјализираните агенции, УНИЦЕФ и други органи на Обединетите нации да поднесат извештаи за примена на Конвенцијата во областите што се во рамките на нивните активности;

б) Комитетот, ако смета дека е потребно, им ги доставува на специјализираните агенции, на УНИЦЕФ и на други надлежни тела извештаите на државите-членки што содржат барање или укажуваат на потреба од стручни совети или помош, заедно со евентуалните забележувања и предлози во врска со тие молби или потреби;

в) Комитетот може да му даде препорака на Генералното собрание да го замоли Генералниот секретар од името на Комитетот да преземе студии за конкретните прашања што се однесуваат на правата на детето;

г) Комитетот може да дава предлози и општи препораки што се засноваат врз информациите примени во согласност со чл. 44 и чл. 45 од оваа конвенција. Таквите предлози и општи препораки им се доставуваат на заинтересираните држави-членки, а Генералното собрание за нив се известува, со евентуални коментари од државите-членки.

**Т Р Е Т Д Е Л**

Член 46

Оваа конвенција им е отворена за потпишување на сите држави.

Член 47

Конвенцијата подлежи на ратификација. Ратификационите инструменти се депонираат кај Генералниот секретар на Обединетите нации.

Член 48

Оваа конвенција останува отворена за пристапување на сите држави. Инструментите за пристапување се депонираат кај Генералниот секретар на Обединетите нации.

Член 49

1. Оваа конвенција влегува во сила триесеттиот ден од датумот на депонирањето на дваесеттиот ратификационен инструмент или инструмент за пристапување кај Генералниот секретар на Обединетите нации.

2. За секоја држава која ќе ја ратификува Конвенцијата или ќе ѝ пристапи по депонирањето на дваесеттиот ратификационен инструмент или инструментот за пристапување, Конвенцијата влегува во сила триесеттиот ден од датумот на депонирањето на ратификациониот инструмент или инструмент за пристапување.

Член 50

1. Секоја држава-членка може да предложи амандман и да му го поднесе на Генералниот секретар на Обединетите нации. Генералниот секретар потоа им го доставува предложениот амандман на државите-членки со молба да назначат дали се за конференција на државите-членки заради разгледување и гласање за предлозите. Во случај кога во рок од четири месеци од датумот на доставувањето на таквиот амандман најмалку една третина од државите-членки се изјасни за конференција, Генералниот секретар свикува конференција под покровителство на Обединетите нации. Сите амандмани што ќе ги усвои мнозинството држави-членки што се присутни и што гласаат на конференцијата, се поднесуваат на одобрение до Генералното собрание.

2. Амандманот усвоен во согласност со точка 1 на овој член влегува во сила по одобрение на Генералното собрание на Обединетите нации и по прифаќањето од страна на две третини од државите-членки.

3. Кога ќе влезе во сила амандманот станува задолжителен за оние држави-членки што го прифатиле, а другите држави-членки и понатаму ги обврзуваат одредбите од оваа конвенција и сите евентуални амандмани прифатени порано.

Член 51

1. Генералниот секретар на Обединетите нации го прима и им го доставува на сите држави текстот за резервите што ќе ги изразат државите во време на ратификацијата или пристапувањето.

2. Резервата која не е во согласност со целта и намената на оваа конвенција не е дозволена.

3. Резервите можат да се повлечат во кое и да било време по пат на писмено известување упатено до Генералниот секретар на Обединетите нации, кој за тоа ги известува сите држави. Таквото известување влегува во сила на денот кога ќе го прими Генералниот секретар.

Член 52

Државата-членка може да ја откаже оваа конвенција по пат на писмено известување до Генералниот секретар на Обединетите нации. Откажувањето влегува во сила една година по денот на приемот на известувањето од страна на Генералниот секретар.

Член 53

Генералниот секретар на Обединетите нации е определен за депозитар на Конвенцијата.

Член 54

Оригиналот на оваа конвенција, чиишто текстови на арапски, кинески, англиски, француски, руски и на шпански јазик се подеднакво веродостојни, се депонира кај Генералниот секретар на Обединетите нации.

Потврдувајќи го наведеното, потписниците за тоа прописно овластени, ја потпишаа оваа конвенција.

**Работен лист за учениците III–3.2а: Растурени реченици, комплет број 1**

1 Кинескиот

1 со звуци

1 во Кина.

1 е

1 жичен

1 потполно

**Работен лист за учениците III–3.2б: Растурени реченици, комплет број 2**

2 ѕид

2 градба

2 Китовите

2 компас

2 гитарата.

2 музика

**Работен лист за учениците III–3.2в: Растурени реченици, комплет број 3**

3 единствена

3 од Месечината.

3 на огромни

3 Првиот

3 инструмент,

3 компонирал

4 е

4 се гледа

4 далечини.

4 Клавирот

4 и кога

4 глув.

5 што

5 комуницираат

5 е измислен

5 исто како

5 Бетовен

5 бил

**Работен лист за учениците III–3.3: ПОМОШ!**

По завршувањето на големиот одмор, сите деца одеднаш се втурнуваат кон вратата на училишната зграда. Во тој метеж, првачето Петар паѓа и не може да стане бидејќи децата што се подалеку од него не ни забележуваат дека некој паднал и продолжуваат да се туркаат.

Како може да му се помогне на првачето Петар?

На часот по мајчин јазик Ирфан не ја донел тетратката за домашна работа на училиште. Наставникот почнува многу луто и строго да го прекорува за направениот пропуст. Ирфан молчи и само гледа во земја, а наставникот сè повеќе го кара. Некои деца од одделението знаат дека неговата мајка е многу болна и дека Ирфан секојдневно се грижи за неа, дури мора да ја храни.

Како можат соучениците да му дадат поддршка на Ирфан?

Неколку деца играат фудбал на игралиште. Едно дете многу силно ја шутнува топката и таа излегува надвор од оградата на игралиштето. Еден човек се шета во паркот пред игралиштето и топката се стркалува блиску до него.

Како може човекот да им помогне на децата?

Еден човек со бел стап се обидува да ја помине улицата на пешачки премин, кога семафорот свети зелено. Зачекорува неколку чекори на преминот, но слуша звук на мотор од неговата десна страна, па застанува да го пропушти. Продолжува да чекори многу полека и претпазливо. Истовремено на пешачкиот премин преминуваат неколку деца кои одат на училиште.

Како можат децата да му помогнат на човекот?

Зана во последно време сè почесто доаѓа со чудни модринки по лицето, и носи блузи со долги ракави дури и кога е многу топло. Таа на својата најдобра другарка Ема и се доверила дека татко ѝ понекогаш пие, и тогаш и за најмала ситница знае да избувне и да ја тепа.

Како може Ема да ѝ даде помош и поддршка на својата другарка Зана?

Јана е многу „живо” девојче и постојано трча, скока, се качува по дрва. Еднаш, кога со другарите скокаа од едно високо ѕитче, падна и си го изгреба коленото. Јана стана и продолжи да оди, но коленото многу ја пече.

Како можат другарите да ѝ помогнат на Јана?

На приредбата за патрониот празник на училиштето, Елвир треба да рецитира една многу долга стихотворба. Одлично ја знае и се гордее што токму тој е избран да ја каже пред сите. Но, на денот на приредбата, пред полна сала ученици, наставници и родители, Елвир веќе во третата строфа направи грешка, се збуни и не знаеше како да продолжи. Засрамен си замолча и побегна од бината.

Како неговите соученици можеа да му помогнат пред да побегне од бината?
Како може да му дадат поддршка откако тоа се случи?

Еден дедо и една баба се враќаат од пазар со полни торби зеленчук и овошје. Надвор е жешко и тие одвреме-навреме застануваат за да се одморат. Поминуваат покрај едно Интернет кафе кое „врие” од деца и застануваат да се одморат токму пред него.

Како можат децата да им помогнат?

Леа е нова ученичка во одделението. Таа се досели во оваа населба кон крајот на првото полугодие и почна да учи во ова училиште. Леа не познава никој од децата ниту во одделението ниту во населбата. Седи сама и кога некој ќе ја праша нешто, многу кусо одговоара. И до дома си оди сама.

Како можат децата да ѝ помогнат на Леа?



се смислуваат
што е можно
повеќе идеи

**БУРА НА ИДЕИ**



се кажува
секоја
идеја
што ни
паѓа на ум

се запишува
секоја
искажана
идеја

ниедна идеја
не се прогласува
за добра или лоша

**Работен лист за учениците III–5.2: Картички за лидер 1.1**

ДА БИДЕ ДРУГАР СО СИТЕ.

ДА ЗНАЕ УБАВО ДА ЧИТА.

ДА ГИ ЗНАЕ ЗАДАЧИТЕ ПО МАТЕМАТИКА.

ДА ИМ БИДЕ ОМИЛЕН УЧЕНИК НА НАСТАВНИЦИТЕ.

ДА ЗНАЕ ДА ИМ ПОМАГА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ.

ДА ИМА ПЕТКИ ПО СИТЕ ПРЕДМЕТИ.

ДА РЕАГИРА НА НЕПРАВДИ.

ДА ЗНАЕ ДА СВИРИ НА ГИТАРА.

**Работен лист за учениците III–5.3а: Ситуации за одлучување**

**Тест по историја**

Наставничката по историја ве известува дека ќе правите тест. Ви предлага два термина: на последниот час в среда или в сабота во 8 часот. На гласање, половина од учениците се изјасниле дека сакаат тестот да го прават в среда, а другата половина, в сабота. Како да се донесе решение и истовремено да се избегнат можни караници меѓу учениците?

**Избор на претседател**

Во вашето одделение се избира претседател. Има двајца кандидати. Едниот е Мики, кој важи за најпопуларен во одделението затоа што е најзабавен, но е и најмалку влијателен кај наставниците. Другиот е Бени, за кој се смета дека би бил подобар претседател, затоа што повеќе ќе се бори за одделението. Учениците од одделението не сакаат да се замерат ниту со едниот ниту со другиот, знаејќи дека и на двајцата изборот им е многу важен. Како да го изберете подобриот (Бени), а Мики да не се налути на другарите што не го гласале?

**Квиз по биологија**

Од претседателите на одделенијата во вашето училиште се бара да одлучат дали нивните одделенија ќе учествуваат во квиз по биологија. Емина, која е претседателка на вашето одделение, има намера да зборува со секој ученик поединично за да види кој колку е подготвен да учествува на квизот. Таа не мора да го прифати учеството, но сака прво да знае дали има некои кои многу би сакале нивното одделение да се пријави на квизот. По ислушувањето на сите, Емина ја донесува својата одлука. Како изгледа тоа?

**Реновирање**

Школската управа ве известува дека предвидени се некои материјални средства за реновирање на вашата училница. Ви предлага да изберете помеѓу: табла за пишување, ролетни за прозорите и нови столчиња. Вашето одделение има еден час за да се договори што ќе избере. Како ќе го направите тоа?

**Екскурзија**

Кон крајот на годината вашето одделение го известуваат дека е планирана дводневна екскурзија по избор на учениците. Но, вие никако да се договорите. Дел инсистираат да се оди во Охрид, а други пак цело време викаат дека како Струга нема друга, барајќи да се оди во Струга. Како да донесете одлука, а сите да бидат задоволни?

**Работен лист за учениците III–5.3б: Видови групни одлуки**

ЛИДЕРСКА ОДЛУКА

Лидерот прво сослушува што мисли секој член на групата, па потоа донесува одлука во име на групата.

СЛУЧАЈНА ОДЛУКА

Групата фрла паричка или влече сламка за да одлучи.

ОДЛУКА СО ГЛАСАЊЕ

Се предлагаат повеќе решенија, а се прифаќ а она за кое повеќето членови на групата ќе се изјаснат дека им е прифатливо. Може да се гласа јавно, со дигање рака (сите гледаат кој како гласа) или тајно, со запишување на ливче (никој не знае кој за кого гласал).

КОМПРОМИСНА ОДЛУКА

Секој во групата се согласува да се откаже по малку од нешто што го сака и групата заеднички доаѓа до одлука што е прифатлива за сите.

| БИДЕЈЌИ САКАМЕ ДА ИМАМЕ ДОБРИ ОЦЕНКИ, НЕМА ДА ИМ СЕ СПРОТИВСТАВУВАМЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ. |
| --- |
| + (Што добиваме?) |
| |

| |
|---|
| **БИДЕЈЌИ САКАМЕ ДА ИМАМЕ ДОБРИ ОЦЕНКИ, НЕМА ДА ИМ СЕ СПРОТИВСТАВУВАМЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ.** |
| **– (Што губиме?)** |
| |

**Секое дете треба да има право:**

1. Да бира што ќе гледа на телевизија.
2. Да биде прашано дали да имаат домашно миленичe и как во.
3. Да добива џепарлак.
4. Да одлучува што ќе јаде за ручек.
5. Да одлучи дали ќе чита лектири или не.
6. Да одлучува што ќе облече.
7. Да биде сослушано и сфатено сериозно.
8. Да биде прашано дали семејството да живее во куќа или во стан.
9. Да каже каде семејството да оди на годишен одмор.
10. Да одлучува дали ќе учи за писмена или не.
11. Да одлучува до колку ќе биде излезено надвор.
12. Да одлучува како ќе слави роденден.
13. За сѐ да биде прашано што сака.
14. Да одлучува со кого ќе се дружи.
15. Да одлучува кога ќе пишува домашни работи.
16. Да биде прашано каков мебел да се купува.
17. Наутро да спие колку сака.
18. Да одлучува кога и со кого да си игра.
19. Да одбие да прави работи кои не му се допаѓаат.
20. Да одлучува колку време ќе гледа телевизија.

**Работен лист за учениците III–6.1а: Соодветно – несоодветно**

| ОДНЕСУВАЊЕ | С | Н | С–Н |
|---|---|---|---|
| Пеење. | | | |
| Играње топка во стан. | | | |
| Трчање по ходници. | | | |
| Фрлање отпадоци во канта за ѓубре. | | | |
| Гаѓање мачки со камчиња. | | | |
| Џвакање мастика. | | | |
| Читање книга. | | | |
| Помагање на другите. | | | |
| Удирање шлаканици. | | | |
| Спротивставување на родителите. | | | |
| Позајмување без прашање. | | | |
| Чкртање по ѕидови. | | | |
| Плукање во некого. | | | |
| Преминување улица на зелено светло. | | | |
| Пцуење. | | | |

**Работен лист за учениците III–6.1б: Вродено – научено**

| ОДНЕСУВАЊЕ | ВРОДЕНО | НАУЧЕНО |
|---|---|---|
| Дишење. | | |
| Грицкање нокти. | | |
| Лажење. | | |
| Голтање. | | |
| Џвакање мастика. | | |
| Врзување врвки. | | |
| Помагање на другите. | | |
| Удирање клоци. | | |
| Кивање. | | |
| Шутирање топка. | | |
| Пишување. | | |
| Чкртање по ѕидови. | | |
| Проѕевање. | | |
| Возење велосипед. | | |
| Трепкање. | | |
| Пливање. | | |
| Пцуење. | | |

КУКЛИТЕ СЕ САМО ЗА ДЕВОЈЧИЊА.

МОМЧИЊАТА НЕ ПЛАЧАТ.

ФУДБАЛОТ Е САМО ЗА МОМЧИЊА.

ДЕВОЈЧИЊАТА ТРЕБА ДА ПОМАГААТ ВО ДОМАШНИТЕ РАБОТИ.

КОГА ИМА НЕКАКВА „БЕЉА" НА УЧИЛИШТЕ, ВЕДНАШ СЕ ОБВИНУВААТ МОМЧИЊАТА.

МОМЧИЊАТА МОЖЕ ДА ПЦУЈАТ, А ДЕВОЈЧИЊАТА НЕ СМЕАТ.

МОМЧИЊАТА ТРЕБА ДА ИМ ПОМАГААТ НА ТАТКОВЦИТЕ ВО ПОПРАВКИТЕ.

1. Мајка му го потсети Оги дека треба да си ја напише домашната работа. Тој ѝ рече дека ќе ја напише, но само што почна, прекина за да ѝ помогне на својата помала сестра да си го поправи расипаното камионче.

- Дали Оги избрал да постапи одговорно? Зошто?
- Што би било одговорно однесување во оваа ситуација?

2. Оги заборави дека следниот ден ќе прават тест по математика и не седна да учи. Знаеше дека неговата наставничка ќе биде разочарана, и затоа ѝ кажа дека бил болен претходниот ден и затоа не можел да научи.

- Дали Оги избрал да постапи одговорно? Зошто?
- Што би било одговорно однесување во оваа ситуација?

3. Оги здогледа едно големо, црно куче како врзано си го чека сопственикот пред една продавница. Му изгледаше дека е тажно и затоа отиде да го погали.

- Дали Оги избрал да постапи одговорно? Зошто?
- Што би било одговорно однесување во оваа ситуација?

4. Ина, школска другарка на Оги, му се довери – му кажа една своја тајна. Оги на никого не му кажа освен на Менсур. Менсур и Оги се најдобри другари и сè си кажуваат.

- Дали Оги избрал да постапи одговорно? Зошто?
- Што би било одговорно однесување во оваа ситуација?

Работен лист за учениците III–7.2: Правила за ...

## Правила во СООБРАЌАЈОТ за ПЕШАЦИТЕ

**Правила**

1.______________________________________________

2.______________________________________________

3.______________________________________________

**Санкции**



1.______________________________________________

2.______________________________________________

3.______________________________________________

Надгледува__________________________________________

## Правила во СООБРАЌАЈОТ за ВОЗАЧИТЕ

**Правила**

1.______________________________________________

2.______________________________________________

3.______________________________________________

**Санкции**



1.______________________________________________

2.______________________________________________

3.______________________________________________

Надгледува__________________________________________

**Правила за играње ФУДБАЛ**

**Правила**

1.__________________________________________________________________________

2.__________________________________________________________________________

3.__________________________________________________________________________

**Санкции**

1.__________________________________________________________________________

2.__________________________________________________________________________

3.__________________________________________________________________________

Надгледува_________________________________________________________________



**Правила за однесување во ТЕАТАР**

**Правила**

1.__________________________________________________________________________

2.__________________________________________________________________________

3.__________________________________________________________________________

**Санкции**

1.__________________________________________________________________________

2.__________________________________________________________________________

3.__________________________________________________________________________

Надгледува_________________________________________________________________



**Правила за однесување на БАЗЕН**

**Правила**

1.__________________________________________________

2.__________________________________________________

3.__________________________________________________

**Санкции**

1.__________________________________________________

2.__________________________________________________

3.__________________________________________________

Надгледува__________________________________________



**Работен лист за учениците III–8.1а: Во согласност со уставот или не?**

1. Во едно училиште децата Турци бараат да добиваат детски списанија на турски јазик, а не само на македонски или на албански.

2. Родителите и роднините на децата кои загинале и биле повредени во сообраќајна несреќа предизвикана од пијан возач кој удрил во автобус што пренесувал деца на екскурзија, бараат смртна казна за несовесниот возач.

3. Претставници на полицијата фатиле човек за кој се претпоставува дека поставил бомба во еден трговски центар. Тие го однеле во полициска станица и го тепале со пендреци за да каже каде ја скрил бомбата.

4. Во едно одделение кога треба да се донесе одлука за тоа какви униформи ќе носат учениците, наставничката ги прашува за мислење само одличните ученици.

5. Двајца полицајци влегуваат во станот на едно момче и го претресуваат откако случаен минувач им рекол дека таму живее момчето што ја ограбило продавницата пред два дена.

6. Едно дете во училишниот весник напишало дека мисли дека училишната администрација нема преземено доволно мерки за да се спречи насилничкото однесување на неколку деца од населбата кои влегуваат на одморите во училишниот двор и ги задеваат децата. Заради овој свој натпис ученикот е избркан од училиштето.

7. Едно девојче заради свои верски убедувања не сака да вежба на часовите по физичко по трико и бара да вежба облечена во тренирки. Наставничката по физичко ја отстранува од часот затоа што смета дека мора да биде облечена како сите други девојчиња.

8. Група ученици направиле свое еколошко здружение и по часовите протестираат пред училиштето барајќи наставниците да не пушат во ходниците на училиштето. Тие велат дека доколку не престанат наставниците да пушат во ходниците, нема да одат на настава.

9. Две ученички од седмо одделение често отсуствуваат од часови бидејќи се вработени во текстилната фабрика во градот. Нивните родители не работат и тие самите мора да најдат начин да го издржуваат семејството.

10. Во една сообраќајна незгода повреден е возачот на автомобилот и еден стар бездомник кој ја преминувал улицата. Присутните повикале брза помош и кога таа пристигнала го зеле само возачот и го однеле во болница, а бездомникот останал да лежи на улицата.

**Работен лист за учениците III–8.1б: Членови од уставот на Р. Македонија**

| |
|---|
| Член 7<br>Во Македонија се зборува и се учи на македонски јазик и на јазиците на другите етнички заедници кои живеат тука. |
| Член 9<br>Луѓето во Македонија се еднакви и имаат еднакви права. |
| Член 10<br>Животот на секој човек е најважна работа. Во Македонија нема смртна казна. |
| Член 11<br>Никој не смее да биде мачен, понижуван и малтретиран. |
| Член 16<br>Сите имаат право да си мислат што сакаат, имаат право на сопствена религија или уверување и имаат право своите мисли јавно да ги кажуваат и да слушнат што мислат другите. |
| Член 20 и член 21<br>Може да се здружуваме и да протестираме. |
| Член 23<br>Кога ќе наполниме 18 години може да бираме и да не бираат. |
| Член 24<br>Може да се жалиме до државните органи. |
| Член 26<br>Никој не смее да ни влезе дома без покана или без решение на суд. |
| Член 27<br>Може да се шетаме низ целата држава каде што сакаме. Може да си се вратиме во нашата држава кога ќе посакаме. |
| Член 33<br>Секој треба да ги плаќа даноците на државата. |
| Член 35<br>Државата се грижи за немоќните и сиромашните. |
| Член 39<br>Луѓето имаат право на здравствена заштита. |
| Член 40<br>Родителите и децата треба да се грижат едни за други. |

| |
|---|
| Член 42<br>Државата посебно се грижи за децата. Децата под 15 години не смеат да бидат вработени. |
| Член 43<br>Сите треба да се грижиме за природата. |
| Член 44<br>Сите имаат право да учат. |
| Член 48<br>Луѓето имаат право да имаат различен јазик, различна култура и различни обичаи. |
| Член 61<br>Највисок орган на државата е Собранието. Во него се донесуваат законите. |
| Член 79<br>Претседателот на државата ја претставува државата и раководи со војската. |
| Член 88<br>Владата се грижи да се извршуваат законите што ги донесува Собранието. Владата е составена од министри и претседател на Влада. |
| Член 98<br>Кога некој ги прекршува законите, му судат судови. Највисок суд е Врховниот суд. |
| Член 106<br>Јавниот обвинител ги гони тие што го прекршуваат законот. |
| Член 108<br>Уставниот суд се грижи сите закони да бидат направени како што вели уставот. |
| Член 114<br>Луѓето си формираат општини во кои се договараат како заедно подобро да живеат. |
| Член 118<br>Државата соработува со други држави и склучува договори со нив. Со некои држави може и да се здружи и да си формира посебна група. |
| Член 122<br>Војската ја штити територијата на државата од напади од надвор. |

**МАКЕДОНИЈА**
**ЗИМСКА ИДИЛА**

**МАКЕДОНИЈА**
**РАЗНОВИДНИ МОЖНОСТИ ЗА ЛЕТУВАЊЕ**

**МАКЕДОНИЈА**
**ЗЕМЈА СО БОГАТА ИСТОРИЈА**

**МАКЕДОНИЈА**
**ЗЕМЈА СО НЕБРОЕНИ СПОМЕНИЦИ НА РЕЛИГИЈАТА**

**МАКЕДОНИЈА**
**ШАРЕНА ТРПЕЗА**

**МАКЕДОНИЈА**
**ЗЕМЈА НА АВТОХТОНИ ЖИВОТИНСКИ ВИДОВИ**

## Работен лист за учениците III–8.2б: Слики од Македонија

Маврово



Шар Планина



Крушево



Беровско езеро



Кожуф



**Скупи**



**Хераклеја**




**Стоби**



**Скопско кале**



**Виничко кале**



**Охридско Езеро**



**Дојранско Езеро**



**Пелистер**



**Кањонот на Матка**



**Смоларски водопади**



Теќе – Тетово



Шарена Џамија - Тетово



Св.Јован Канео -Охрид



Свети Јован Бигорски



Џамии во старата скопска чаршија



Јаболка



Лубеница



Грозје



Пиперки



Гравче – тавче



Баклава



Рис



Мечка



Шарпланинец



Пеперутки



Пастрмка



**МЕДИЦИНА**
(пресадување органи, ласерски операции)

**КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНОЛОГИЈА** (Интернет, мобилен телефон, роботи)

**ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**
(филтри за пречистување на воздухот, производство на соларна енергија, рециклирање)

**СПОРТ**
100 метри – трчање:
9,69 с. мажи; 10,49 с. жени
100 метри – пливање:
44,94 с. мажи; 51,70 с. жени
скок во височина:
2,45 м. мажи; 2,09 м. жени

**ВСЕЛЕНА**
(луѓе во посета на Месечината, истражување на Марс, туристички вселенски летови, вселенски телескоп)

**Работен лист за учениците III–9.2: Исти разлики**

| | СЛИЧНОСТИ меѓу мене и... | РАЗЛИКИ меѓу мене и... |
|---|---|---|
| ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ |
| ДРУГАРИТЕ | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ |
| ЖИТЕЛИТЕ ВО МОЈАТА ЗАЕДНИЦА | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ |
| ГРАЃАНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ |
| ЛУЃЕТО ВО СВЕТОТ | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ | 1. ____________________<br>2. ____________________<br>3. ____________________ |

Работен лист за учениците III–10.1: Различни професии

ПОЛИЦАЕЦ

ЛЕКАР

НАСТАВНИК

ПОЖАРНИКАР

НАУЧНИК

ЛИКОВЕН УМЕТНИК

ХИГИЕНИЧАР/КА

**Работен лист за учениците III–10.3: Мојот херој/херојка**



Мојот херој/херојка се вика ______________________________________________

За мене е херој/херојка затоа што ______________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________

Три збора што најдобро го опишуваат мојот херој/херојка
1.____________________
2.____________________
3.____________________

Од мојот херој/херојка научив____________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________

**Работен лист за учениците III–11.1: Геометриски форми**



**Работен лист за учениците III–11.2а: Знаците за категоризација**

| | |
|---|---|
|  цела публика | ПРВА КАТЕГОРИЈА<br><br>Програми наменети за целата публика. |
|  родителски надзор | ВТОРА КАТЕГОРИЈА<br><br>Програми што можат да ја вознемират малолетната публика. Се препорачува надзор од родител или старател. |
|  | ТРЕТА КАТЕГОРИЈА<br><br>Програми што не се препорачуваат за деца под 12 години. Неопходен е надзор од родител или старател. |
|  | ЧЕТВРТА КАТЕГОРИЈА<br><br>Програми што не се препорачуваат за деца под 16 години. Неопходен е надзор од родител или старател. |
|  | ПЕТТА КАТЕГОРИЈА<br><br>Програми несоодветни за публика под 18 години. |

**Работен лист за ученици III–11.2б: Објаснувањата на категориите**

Програмите може да се емитуваат во текот на целото деноноќие. Секогаш треба да се има предвид дека едно телевизиско деноноќие во најшироката публика ги вклучува и децата од претшколска возраст, па третманот на проблематични теми во програмите за целата публика мора да соодветствува и за најмладата публика. Употребата непристоен (вулгарен) говор треба да биде сведена на најмало можно ниво. Прикажувањето голо човечко тело е дозволено исклучиво во неутрална, природна појавност, надвор од каков било еротски контекст. Не е препорачливо прикажување вистинско оружје. Упатно е описите, сцените и/или глетките со чинови на насилство да се ограничат исклучиво на ненагласени закани без каков било израз на вербална и/или на психофизичка суровост во меѓучовечките односи. Забрането е прикажување наркоманија, алкохолизам и слични видови девијантно однесување. Сцените на страв треба да бидат осмислени сообразно со возраста на најмладите гледачи.

Овие програми не смеат да се емитуваат пред 17:00 и по 05:00 часот, и не се препорачуваат за деца под 8 години. Можен е опфат на посериозни теми: девијантно однесување, семејно насилство, расизам и слично, меѓутоа програмите во ниту еден случај не смеат да поттикнуваат, ниту пак во себе да вклучуваат каква било афирмација на поведение навредливо за човечкото достоинство. Не е дозволена пренагласена употреба непристоен (вулгарен) говор. Неутрална, природна појавност на голо човечко тело е дозволена, меѓутоа без каков било вулгарен сексуален контекст. Описите, сцените и/или глетките со еротика мора да бидат исклучително ретки и сосем ненагласени, дискретни и без вулгарни алузии. Дозволено е умерено прикажување насилство, но, без детали на суровост, оправдано во заплетот на сценариото, без да се нагласува присуството на вистинско оружје или на опасни техники за меѓучовечка пресметка. Пожелно е описите, сцените и/или глетките чија намера е да предизвикаат страв, да не ја одолговлекуваат напнатоста на прикажаната ситуација. Олеснувачка околност претставува дејствие што се одвива во светот на фантастиката.

Овие програми не смее да се емитуваат пред 00:00 и по 05:00 часот. Се толерираат описите, сцените и/или глетките на насилство и последици од насилство, како и приказите на еротски односи. Се почитува автономното право и самосвеста на полнолетната личност да одлучува при избирањето вид и категорија програма што сака да ја проследи. Емитувањето порнографија и садизам е забрането со Законот за радиодифузната дејност, и во ниту еден случај не треба да се доведува во врска со оваа категорија програми. Во оваа категорија програми нема ограничувања во врска со темите, а единствените ограничувања во врска со начинот на обработката произлегуваат од Законот за радиодифузната дејност (член 69 и член 70). Најавите за овие програми не смеат да се емитуваат пред 22:00 и по 05:00 часот.

Овие програми не смеат да се емитуваат пред 21:00 и по 05:00 часот. Станува збор за програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психофизичко насилство, кои можат да ја растревожат малолетната публика. Обработката на сериозни теми е прифатлива, но треба да биде соодветна за пропишаната возраст на публиката. Дозволена е употреба на непристоен говор, вулгарности и бруталности, меѓутоа мора да биде сведена на разумна мерка и да биде оправдана со нужната функција во драмскиот или во информативно-документарниот контекст на програмата. Описите, сцените и/или глетките со насилство и со еротика, и евентуалната заемна врска меѓу овие два фактора во развојот на наративот, не треба да ги нагласуваат физичките повреди и/или психофизичките последици од повреди, ниту пак да се фокусираат на непристојни физички детали. Не треба да им се придава претерана важност на оружјето и на техниките за меѓучовечка пресметка лесни за имитација, со опасен потенцијал сугестивно да двлијаат врз психолошки помалку стабилните и врз емоционално ранливите делови од публиката. Прикажувањето наркоманија е дозволено меѓутоа без детална разработка на фазите од чинот на (зло)употреба на дрога, а треба да се врамнотежи со укажување на последиците, оправдано во функција на карактеризација на ликовите, и комплементарно во целината на различните видови: играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ја вознемират малолетната публика.

Овие програми не смее да се емитуваат пред 22:00 и по 05:00 часот. Се работи за програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психофизичко насилство, кои можат да ја растревожат малолетната публика. Нема ограничувања на темите. Дозволена е честа употреба на непристоен говор, меѓутоа тешко е прифатлива претерана употреба на екстремно вулгарни изрази. Прикажувањето еротика и сексуални односи е дозволено, меѓутоа без експлицитни, порнографски детали. Неопходен е внимателно осмислен контекст за вербални и изрази со гестови кои имаат силна сексуална алузија и можат да го навредат човековото достоинство. Прикажувањето наркоманија е дозволено само без детална разработка на фазите од чинот на (зло)употреба на дрога, врамнотежено со укажувањето на последиците, и во функција на карактеризација на ликовите, комплементарно во целината на различните видови: играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Прифатливи се описи, сцени и/или глетки на насилство и последици на насилство, меѓутоа не и прикази на садизам, или каков било друг израз на нечовечност и на изживување врз луѓе и врз животни. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ја вознемират малолетната публика.

**Работен лист за учлениците III–12.1а: Поле за играње**

| | А | Б | В | Г | Д | Ѓ | Е | Ж | З | Ѕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| 1 | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | | |

**Работен лист за учениците III–12.1б: Ситуации на повредување, малтретирање или понижување**

**1. Ситуација**
**Ситуација во училиште**
**Учесници** – 5 лица (1 наставник и 4 ученици).
**Ситуација** – наставникот предава, а учениците нешто си шепотат меѓу себе и си додаваат ливчиња.
**Однесување** – наставникот почнува да вика, да ги нарекува со погрдни имиња, да се заканува и физички да ги казнува (тегнење за уво, потчукнување и слично).

**2. Ситуација**
**Ситуација во самопослуга**
**Учесници** – 5 лица (1 продавачка и 4 деца).
**Ситуација** – децата доаѓаат во самопослуга за да купат некои ситници.
**Однесување** – децата се вообичаено бучни (но не и непристојни) и сакаат сѐ да разгледаат и да допрат; продавачката ги пречекува со нетрпение, ги навредува и се обидува што побргу да се ослободи од нив.

**3. Ситуација**
**Ситуација дома**
**Ученици** – 3 лица (татко, мајка и дете).
**Ситуација** – детето доаѓа дома со слаба оценка од училиште.
**Однесување** – родителите почнуваат да го навредуваат, омаловажуваат и го тепаат детето.

**Работен лист за учениците IV-1.3: Прехранбени продукти 1**














**Работен лист за учениците IV-1.4: Прехранбени продукти 2**



**Работен лист за учениците IV-1.7а: Навики**

Дритон е дете кое нема грижи во животот. Ги сака и ги добива само најубавите нешта. Обожува да јаде чоколади, чоколатца, слатки, кекси, бонбони. Пие само кока-кола. И кога е жеден и кога не е. И кога е болен и кога е здрав. Неговите родители, за разлика од некои други, не го тераат да јаде глупости како што се спанаќ, леќа, боранија, салати и слично. Тој јаде што сака, кога сака и колку сака. Така Дритон си крка чоколатце за доручек, чоколадо за ручек и чоколатце за вечера. Ужинка најчесто му е некој крем или барем крем банана. Или киндер јајце. Понекогаш јаде и хамбургери или пица. По цел ден игра на компјутер и многу му е убаво. Обожува игри на компјутер. Порано излегуваше кога го бараа за фудбал или возење велосипед, ама сега некако го мрзи.

Здравка сака многу да се дружи. За неа најважно е другарството, помагањето, смеењето, споделувањето тајни. Секогаш кога може се дружи. На одмор, пред зграда, на гости или кај неа дома. Не може да поднесе да биде сама подолго од петнаесет минути. „Што да правам, таква сум" – самата низ смеа вели ☺. За дружење жтрвува сѐ. И време и сон и енергија. Но, никој не може да ја натера да не е дома три пати на ден во термините кога треба да јаде. Обожува риба, тестенини и јаболка. Пие цедени лимони и портокали. Кога нема, пие обична вода.

Арта многу сака цртани. Секогаш кога има слободно време гледа цртани. На телевизија, на ДВД, на Интернет... Фасцинирана е од креативноста и разнородноста на цртаните. Сака еден ден и самата да прави цртани. Напросто се заборава. Понекогаш се заборава до касно навечер. Потоа ѝ се спие цел ден. Откако се сети дека може да јаде додека гледа цртани, ни за тоа не губи време. Јаде пред екранот. Всушност, кога ќе се сети да јаде. А кога ќе се сети, се заборава јадејќи. Најчесто грицки. Долго време не го возела велосипедот и не излегла пред зграда.

Арбен е вљубен во природата и кошарката. Секој слободен момент го користи за прошетки. Ако не може на планина, тогаш барем во паркот. Доколку нема време ни за тоа, пешачи до потокот кој поминува до неговото село. Скоро секое попладне игра кошарка во школскиот двор. Тој е еден од најдобрите. Но, добри се и Ања, Сафет, Кала, Златко и Тефик. А посебно Петрула. Само таа е подобра од него под кошот. Кога ќе се изнаигра, гладен е како змеј. Но, за разлика од повеќето деца кои, откако ќе се изнаиграат, остануваат на игралиштето и си купуваат сендвичи, грицки или чипсови, Арбен повеќе сака да јаде дома. Некако, повкусно му е. Омилени јадења му се спанаќ и грав. Ама сака и сарми. И колку и да е гладен, доколку нема некаква салата, сам си ја прави. Смета дека тоа му помага да биде добар кошаркар.

**Работен лист за учениците IV-1.7б: За пет години**

За пет години, _______________ е одговорен/на за секцијата за помагање на другите ученици. Многу посветено и многу редовно ќе ја посетува. Сите ќе се чудат како има толку енергија за сè и пак да изгледа толку здраво и полн/а со енергија. Сите ѝ/му се восхитуваат.

За пет годни _______________ ќе има проблеми со спиењето. Често ќе се буди ноќе со страв. Многу тешко ќе се подмрднува од фотелја и ќе мрази физичко. Лекарот ќе ѝ/му даде едни големи наочари. Друг лекар ќе му/ѝ препорача многу витамини и минерали кои ќе мора да ги зема како таблети затоа што ќе има толкав недостаток кој не ќе може да се надополни со природни извори. Тоа дете ќе биде многу слабо. Ни една настинка или грип нема да го/ја одмине.

За пет години _______________ ќе има сериозно повеќе килограми од другите деца во одделението. Тоа и не ќе биде проблем доколку може да истрча на физичко барем половина од она што можеше пред 5 години. Забите ќе ѝ/му се расипат и кожата ќе ѝ/му стане бледа. Често без причина ќе биде нервозно. Ќе избувнува и ќе вика. Често нема да разбира за што зборуваат другите деца. Лекарите препорачуваат витамини, минерали и физичка активност.

За пет години за _______________ ќе знае целото училиште. Едно од најсимпатичните и најсмирените деца. Секогаш насмеано и подготвено да помогне. Особено плени неговата смиреност и ведрина. Сите ќе го/ја сакаат. Ќе биде тука за сите и секогаш ќе изледа одморено и здраво. Не се разболело ни еднаш во последните пет години.

**Работен лист за учениците IV-2.1: Поврзувалки**
















**Работен лист за учениците IV-2.3: Како се мијат забите?**



**Работен лист за учениците IV-2.4а: Облечете ги децата**



**Работен лист за учениците IV-2.4б: Соодветна облека 1**



**Работен лист за учениците IV-2.4в: Соодветна облека 2**



**Работен лист за учениците IV-2.4г: Соодветна облека 3**



**Работен лист за учениците IV-2.4д: Соодветна облека 4**



**Работен лист за учениците IV-2.4ѓ: Соодветна облека 5**



**Работен лист за учениците IV-2.5а: Облека 1**





**Работен лист за учениците IV-2.5б: Облека 2**





**Работен лист за учениците IV-2.5в: Облека 3**





**Работен лист за учениците IV-3.2: Облечете ја Здравка**



Работен лист за учениците IV-3.3a: Болести/Незгоди 1



- што ја предизвикало состојбата?

- Како се чувствува дете кое е во таква состојба?

- Кои промени настанале?

- Како нешта му препорачале да ги прави ?

**Работен лист за учениците IV-3.3б: Болести/Незгоди 2**

- што ја предизвикало состојбата?



- Како се чувствува дете кое е во таква состојба?

- Кои промени настанале?

- Како нешта му препорачале да ги прави ?

**Работен лист за учениците IV-3.3в: Болести/Незгоди 3**



- што ја предизвикало состојбата?

- Како се чувствува дете кое е во таква состојба?

- Кои промени настанале?

- Како нешта му препорачале да ги прави ?

**Работен лист за учениците IV-4.3: Пубертет– квиз**

| 1. Кога почнува пубертетот? |
|---|
| а) Кај сите деца истовремено.<br>б) Кај девојчињата порано одошто кај момчињата.<br>в) Кај момчињата порано одошто кај девојчињата.<br>г) Кај сите деца кога ќе наполнат 10 години. |

| 2. Што НЕ е карактеристично за момчињата и за девојчињата во пубертетот? |
|---|
| а) Почнуваат да се лачат сексуални хормони.<br>б) Се јавуваат чести промени во расположението.<br>в) Почнуваат да се јавуваат симпатии.<br>г) Им растат забите – умници. |

| 3. Кога се јавува чувството на сексуална привлечност? |
|---|
| а) Веднаш по раѓањето.<br>б) Во пубертетот.<br>в) По 20-тата година од животот.<br>г) Во староста. |

| 4. Како се вика месечниот циклус што се јавува кај девојчињата во пубертетот? |
|---|
| а) Секреција.<br>б) Дискреција.<br>в) Менопауза.<br>г) Менструација. |

| 5. Колку често девојчињата имаат месечни циклуси во текот на пубертетот? |
|---|
| а) Редовно, на секои два месеци.<br>б) Редовно, еднаш годишно.<br>в) Главно секоја недела по еднаш.<br>г) Нередовно, но главно еднаш месечно. |

| 6. Како се нарекува појавата на спонтано сексуално возбудување кај момчињата, кое може да се јави во секое време? |
|---|
| а) Рекреација.<br>б) Секреција.<br>в) Ерекција.<br>г) Ејакулација. |

| 7. Што е мастурбација? |
|---|
| а) Произведување сперма во машкиот полов орган.<br>б) Исфрлување семена течност за време на спиење.<br>в) Прекумерно лачење сексуални хормони во крвта.<br>г) Самозадоволување на сексуалниот нагон. |

| 8. За мастурбацијата е точно дека: |
| --- |
| а) Се јавува и кај машките и кај женските. |
| б) Ја троши целата произведена сперма. |
| в) Ако се претера, може да го исуши 'рбетот. |
| г) Не е природна појава, туку срамен чин. |

| 9. Хетеросексуалноста е сексуална привлечност: |
| --- |
| а) За лица од спротивен пол. |
| б) За лица од ист пол. |
| в) За лица од двата пола истовремено. |
| г) Насочена кон мали деца. |

| 10. За хомосексуалноста е точно дека е: |
| --- |
| а) Неприродна појава. |
| б) Болест на умот. |
| в) Порок на денешнината. |
| г) Посебна сексуална ориентација. |

| 11. Што НЕ е точно за сексуалните игри меѓу врсници во пубертетот? |
| --- |
| а) Ги прават повеќето деца, но тајно. |
| б) Ги прават само момчињата. |
| в) Обично не дискутираат со возрасните. |
| г) Може да се прават и со лица од ист пол. |

| 12. Како се нарекува појавата кога возрасни луѓе намамуваат деца за сексуални активности? |
| --- |
| а) Педофилија. |
| б) Ксенофобија. |
| в) Филантропија. |
| г) Хомофобија. |

| 13. Кога некоја девојка има месечен циклус, дали може за се забележи? |
| --- |
| а) Понекогаш може да се препознае од далеку. |
| б) Секогаш се препознава уште на десет чекори. |
| в) Не може никако да се забележи од страна. |
| г) Кај некои девојки може да се забележи. |

| 14. За девојките е здраво да имаат сексуални односи: |
| --- |
| а) По првиот месечен циклус. |
| б) По десет редовни месечни циклуси. |
| в) Кога ќе се почувствуваат спремни. |
| г) Откако ќе се омажат. |

| 15. За момчињата е здраво да имаат сексуални односи: |
|---|
| а) По првата ерекција.<br>б) По првата ејакулација.<br>в) Кога ќе се почувствуваат спремни.<br>г) Откако ќе се оженат. |

| 16. Девојките можат да го допираат својот полов орган само: |
|---|
| а) Со чисти раце.<br>б) Откако ќе се омажат.<br>в) Ако навистина мораат.<br>г) Под тешка закана. |

| 17. Момчињата можат да ги искажат своите чувства отворено само: |
|---|
| а) Пред огледало.<br>б) Пред најдобриот другар.<br>в) Ако сакаат.<br>г) Во голема неволја. |

| 18. Во ред е да наговориш некого да прави нешто што не сака само доколку: |
|---|
| а) Многу ти се допаѓа.<br>б) Те провоцира.<br>в) Во никој случај не е во ред.<br>г) Мислиш дека ќе му/ѝ се допадне. |

Работен лист за учениците IV-4.5а: Точно – неточно 1

Сексуално вознемирување има кога наставник/наставничка ...

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ... со својот мобилен телефон фотографира ученици додека одговараат на табла или прават нешто друго. | Т Н |
| 2. | ... пред учениците кажува вицеви со сексуална содржина. | Т Н |
| 3. | ... дава примедба за висината на некој ученик/ученичка. | Т Н |
| 4. | ... чита пораки од мобилните телефони на учениците меѓу кои може да има и пораки од симпатиите. | Т Н |
| 5. | ... на часовите по биологија им предава на учениците како се прават бебиња. | Т Н |
| 6. | ... ги чита пораките на ливчиња што учениците си ги упатуваат едни на други во врска со нивните симпатии. | Т Н |
| 7. | ... на часовите по физичко допира ученици околу половите органи или градите додека им помага да направат некоја вежба. | Т Н |
| 8. | ... дава коментари за физичкиот изглед на некој ученик/ученичка, посебно за оние делови од телото кои се развиваат во пубертетот. | Т Н |
| 9. | ... на часовите по физичко фаќа ученици за рака за да им покаже како се фрла топката. | Т Н |
| 10. | ... дава комплименти на ученици за изгледот на нивното тело. | Т Н |
| 11. | ... пофалува ученици за тоа колку добро учат. | Т Н |
| 12. | ... влегува во ученичките соблекувални (машка или женска) без да се најави (без да тропне или праша за дозвола). | Т Н |
| 13. | ... прегрнува ученици, без оглед на тоа дали се од ист или различен пол со него/неа. | Т Н |
| 14. | ... тера ученици да останат по часовите со цел да им помогне да научат. | Т Н |
| 15. | ... покажува на ученици материјали со сексуална содржина што не се дел од наставата. | Т Н |
| 16. | ... носи ученици во раце кога ќе се повредат и не можат да одат. | Т Н |
| 17. | ... дава совети на ученици за сексуални теми навор од наставните содржини. | Т Н |
| 18. | ... повикува ученици на средби насамо, без да има посебна потреба за тоа. | Т Н |

**Работен лист за учениците IV-4.5б: Точно – неточно 2**

**Сексуално вознемирување има кога ученик/ученичка или група ученици ...**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **... со својот мобилен телефон фотографираат други ученици без тие да им го дозволиле тоа.** | **Т Н** |
| 2. | **... пред други ученици раскажуваат шеги или случки со сексуална содржина и тогаш кога на другите им е непријатно да слушаат.** | **Т Н** |
| 3. | **... меѓусено си разменуваат СМС-пораки за нивните симпатии.** | **Т Н** |
| 4. | **... на други ученици им испраќаат непосакувани и непријатни СМС-пораки со сексуална содржина.** | **Т Н** |
| 5. | **... меѓусебно дискутираат за тоа како се прават бебиња.** | **Т Н** |
| 6. | **... ги читаат пред други ливчињата со пораки што учениците си ги упатуваат едни на други во врска со нивните симпатии, без да имаат дозвола од оние што се наведени во пораките.** | **Т Н** |
| 7. | **... се обидуваат да соблечат некој ученик/ученичка без негова/нејзина волја.** | **Т Н** |
| 8. | **... дофрлуваат коментари за физичкиот изглед на некој ученик/ученичка, посебно за оние делови од телото кои се развиваат во пубертетот.** | **Т Н** |
| 9. | **... бакнуваат некој ученик/ученичка кој/која го сака тоа.** | **Т Н** |
| 10. | **... зборуваат за изгледот на некој ученик/ученичка на начин на кој го/ја тера да се чувствува непријатно.** | **Т Н** |
| 11. | **... разговараат за добрите страни на некој ученик/ученичка со други.** | **Т Н** |
| 12. | **... намерно ја отвораат вратата од тоалетот додека е некој ученик/ученичка внатре.** | **Т Н** |
| 13. | **... допираат некој ученик против неговата/нејзината волја, на начин кој му/ѝ е непријатен.** | **Т Н** |
| 14. | **... ги поканува ат своите симпатии да прават нешто заедно.** | **Т Н** |
| 15. | **... на други ученици, против нивна волја, им покажуваат слики или филмови со сексуална содржина.** | **Т Н** |
| 16. | **... посетуваат некој ученик/ученичка дома, за да му/ѝ помогнат со домашните.** | **Т Н** |
| 17. | **... шират невистини за тоа кој кому му/ѝ е симпатија.** | **Т Н** |
| 18. | **... на други ученици упатуваат непосакувани и непријатни гестикулации со сексуално значење.** | **Т Н** |

**Работен лист за учениците IV-5.1а:Сакам воздух**

Сарах, Џан и Фани се на роденденска забава кај Мила. Забавата е во дворот на Мила и најголем дел од луѓето играат пинг-понг на неколку маси. Родителите на Мила и неколку соседи гледаат како се игра пинг-понг и пушат. Сарах, Џан и Фани сакаат да играат пинг-понг, но не сакаат да го вдишуваат чадот.
Што можат да направат?

Наставничката ги испрати Жаки и Лули во наставничката канцеларија да донесат историски карти. Жаки и Лули знаат дека таму некои наставници пушат. Знаат дека ќе им замирисаат алиштата додека ги бараат картите и секако, не им се дише чад.
Што можат да направат Жаки и Лули?

Мајката на Арбен е зафатена во вторник кога Арбен треба да оди на карате. Таа се договори со соседката да го однесе Арбен на карате. Но, соседката исто била нешто зафатена и нејзиниот сопруг се јави и му кажа дека тој ќе го однесе. Арбен знае дека соседот пуши во неговиот автомобил и навистина не му се патува во зачаден автомобил. Има уште еден саат.
Што може да направи Арбен?

Данче и Канита отидоа на овошна салата во слаткарнцата. На касата ги прашаа дали сакаат да јадат внатре или да им ги завиткаат за дома. Данче и Канита забележуваат дека внатре во слаткарницата има луѓе што пушат, а исто така и на надворешните маси е зачадено.
Што би можеле да одлучат да прават?

Петок вечер е. Зана и Јана сакаат да излезат во град. Им се јавува Иван и ги кани на роденден, во клубот спроти киното. Јана и Зана баш сакаат да одат, но исто така знаат дека во друштвото на Иван има некои деца кои пушат и дека таму ќе биде многу зачадено.
Што можат Зана и Јана да направат?

**Работен лист за учениците IV-5.1б: Кога ќе...**

- Кога ќе ни дојдат гости и ќе запалат цигара јас ќе им....
- Кога некој ќе ми понуди цигара јас ќе му.....
- Кога влегувам во продавница и чувствувам мирис на цигари јас....
- Кога ќе влезам во такси/кола каде се пушело/пуши јас ќе...
- Кога ќе влезам во автобус и ќе видам дека шоферот пуши цигара јас ќе....
- Кога ќе видам дека некое дете пуши јас ќе...
- Кога ќе видам дека некој му продава цигари на дете јас ќе...
- Кога ќе влезам во ресторан/слаткарница каде се пуши јас ќе...
- Кога ќе одам на гости каде што се пуши јас ќе...
- Кога ќе влезам во школскиот тоалет и ќе видам дека некој пуши јас ќе...
- Кога некој што ми продава храна, држи запалена цигара јас ќе...

**Работен лист за учениците IV-5.2: Пет ликови**

На посебни листови нацртајте ги следниве ликови како што замислувате дека навистина би требало да изгледаат.

Личност која активно се занимава со планинарење/пливање/скијање веќе дваесет години.

Личност која пуши две кутии цигари на ден, во последните дваесет и пет години.

Личност која се занимава со јога и возење велосипед десетина години.

Личност која консумира алкохол во големи количини, во последните петнаесетина години.

Личност која тренира карате/игра тенис, во последните седум-осум години.

**Работен лист за учениците V-1.1а: Опасни предмети, ситуации, животни и растенија 1**

## Додатете ваши идеи.









**Работен лист за учениците V-1.1б: Опасни предмети, ситуации, животни и растенија 2**

# Додатете ваши идеи.









Работен лист за учениците V-1.1в: Опасни предмети, ситуации, животни и растенија 3

# Додатете ваши идеи.











# Додатете ваши идеи.









**Работен лист за учениците V-1.1д: Опасни предмети, ситуации, животни и растенија 5**

# Додатете ваши идеи.









**Работен лист за учениците V-1.2а: Опасност за странци**

| | |
|---|---|
| ВОДАТА ОД ИЗВОРОТ Е ЗАГАДЕНА И АКО ЈА ПИЕ МОЖЕ ДА ДОБИЕ ТЕМПЕРАТУРА И БОЛКИ ВО СТОМАКОТ. | КАМЕЊАТА ВО ПОТОКОТ СЕ МНОГУ ЛИЗГАВИ И МОЖЕ ДА СЕ СЛИЗНЕ, ДА ПАДНЕ И ДА СКРШИ НОГА ДОДЕКА СЕ ОБИДУВА ДА ГО ПРЕМИНЕ. |
| НА ДЕСЕТИНА МЕТРИ ПОНАТАМУ ИМА ГОЛЕМА ДУПКА НА ПАТОТ ВО КОЈА МОЖЕ ДА МУ ПРОПАДНЕ ВОЗИЛОТО АКО ПРОДОЛЖИ ДА ВОЗИ СО ТАА БРЗИНА. | МОСТОТ ПРЕКУ РЕКАТА НЕ Е ДОВОЛНО ЦВРСТ И АКО СЕ ОБИДЕ ДА ГО ПРЕМИНЕ СО АВТОМОБИЛОТ, МОСТОТ ЌЕ СЕ СРУШИ И РЕКАТА ЌЕ ГО ОДНЕСЕ. |
| ВО ТРЕВАТА НА ЛИВАДАТА ИМА ОТРОВНИ РАСТЕНИЈА И АКО ОДИ ПО КУСИ ПАНТАЛОНИ ЌЕ ДОБИЕ ЦРВЕНИЛО НА НОЗЕТЕ. | ВО ТОЈ ДЕЛ НА ШУМАТА ИМА МНОГУ ПЧЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ГО КАСНАТ. АКО Е АЛЕРГИЧЕН, МОЖЕ ДА НАСТРАДА. |
| АКО САКА ДА ЈА ПРЕМИНЕ УЛИЦАТА НА ПЕШАЧКИ ПРЕМИН, МОРА МНОГУ ДА ВНИМАВА ДА НЕ МУ НАИДЕ АВТОМОБИЛ ЗАТОА ШТО И ТУКА МОЖЕ ДА НАСТРАДА. | АКО САКА ДА ВОЗИ ВЕЛОСИПЕД ПО УЛИЦА, ТРЕБА МНОГУ ДА ВНИМАВА НА АВТОМОБИЛИТЕ ЗАТОА ШТО МОЖЕ ДА МУ СЕ СЛУЧИ НЕКОЈ АВТОМОБИЛ ДА ГО УДРИ. |

**Работен лист за учениците V-1.2б: Мојот пат до училиштето**



**Работен лист за учениците V-1.3а: Безбедност во сообраќајот 1**

| Што треба да прави детето кога оди пеш во училиште? |
|---|
| - Да се движи по левата страна од улицата.<br>- Да се движи по десната страна од улицата.<br>- Да носи заштитна кацига.<br>- Да носи штитници на лактите и на колената.<br>- Да е врзан/а со појас за седиштето.<br>- Да внимава да не удри во нешто.<br>- Да внимава да не го удри некој или нешто.<br>- Да се држи за држачите.<br>- Да седи на задното седиште.<br>- Да преминува на обележан премин.<br>- Да се движи по обележана патека.<br>- Да се движи на тротоарот.<br>- Да внимава да не го нападне куче.<br>- Да преминува на зелено светло.<br>- Да избегнува да разговара со непознати.<br>- Да внимава да не прегази некого.<br>- Да проверува дали вратата до неговото/нејзиното седиште е заклучена.<br>- Да внимава да не испрска некого.<br>- Да прави место на постари.<br>- Да внимава на својот паричник.<br>- Да не вози ризично и пребрзо.<br>- Да не протрчува непромислено.<br>- Да одбива да превезе уште некого со него затоа што тое не е безбедно.<br>- Да не разговара со возачот.<br>- Да не слуша музика со слушалки затоа што тоа не е безбедно. |

**Работен лист за учениците V-1.3б: Безбедност во сообраќајот 2**

| * Што треба да прави детето кога се вози само во автобус? |
|---|
| - Да се движи по левата страна од улицата.<br>- Да се движи по десната страна од улицата.<br>- Да носи заштитна кацига.<br>- Да носи штитници на лактите и колената.<br>- Да е врзан/а со појас за седиштето.<br>- Да внимава да не удри во нешто.<br>- Да внимава да не го удри некој или нешто.<br>- Да се држи за држачите.<br>- Да седи на задното седиште.<br>- Да преминува на обележан премин.<br>- Да се движи по обележана патека.<br>- Да се движи на тротоарот.<br>- Да внимава да не го нападне куче.<br>- Да преминува на зелено светло.<br>- Да избегнува да разговара со непознати.<br>- Да внимава да не прегази некого.<br>- Да проверува дали вратата до неговото/нејзиното седиште е заклучена.<br>- Да внимава да не испрска некого.<br>- Да прави место на постари.<br>- Да внимава на својот паричник.<br>- Да не вози ризично и пребрзо.<br>- Да не протрчува непромислено.<br>- Да одбива да превезе уште некого со него затоа што тое не е безбедно.<br>- Да не разговара со возачот.<br>- Да не слуша музика со слушалки затоа што тоа не е безбедно. |

**Работен лист за учениците V-1.3в: Безбедност во сообраќајот 3**

| * Што треба да прави детето кога вози велосипед? |
|---|
| - Да се движи по левата страна од улицата.<br>- Да се движи по десната страна од улицата.<br>- Да носи заштитна кацига.<br>- Да носи штитници на лактите и колената.<br>- Да е врзан/а со појас за седиштето.<br>- Да внимава да не удри во нешто.<br>- Да внимава да не го удри некој или нешто.<br>- Да се држи за држачите.<br>- Да седи на задното седиште.<br>- Да преминува на обележан премин.<br>- Да се движи по обележана патека.<br>- Да се движи на тротоарот.<br>- Да внимава да не го нападне куче.<br>- Да преминува на зелено светло.<br>- Да избегнува да разговара со непознати.<br>- Да внимава да не прегази некого.<br>- Да проверува дали вратата до неговото/нејзиното седиште е заклучена.<br>- Да внимава да не испрска некого.<br>- Да прави место на постари.<br>- Да внимава на својот паричник.<br>- Да не вози ризично и пребрзо.<br>- Да не протрчува непромислено.<br>- Да одбива да превезе уште некого со него затоа што тое не е безбедно.<br>- Да не разговара со возачот.<br>- Да не слуша музика со слушалки затоа што тоа не е безбедно. |

**Работен лист за учениците V-1.3г: Безбедност во сообраќајот 4**

| * Што треба да прави детето кога се вози во автомобил? |
| --- |
| - Да се движи по левата страна од улицата.<br>- Да се движи по десната страна од улицата.<br>- Да носи заштитна кацига.<br>- Да носи штитници на лактите и колената.<br>- Да врзан/а со појас за седиштето.<br>- Да внимава да не удри во нешто.<br>- Да внимава да не го удри некој или нешто.<br>- Да се држи за држачите.<br>- Да седи на задното седиште.<br>- Да преминува на обележан премин.<br>- Да се движи по обележана патека.<br>- Да се движи на тротоарот.<br>- Да внимава да не го нападне куче.<br>- Да преминува на зелено светло.<br>- Да избегнува да разговара со непознати.<br>- Да внимава да не прегази некого.<br>- Да проверува дали вратата до неговото/нејзиното седиште е заклучена.<br>- Да внимава да не испрска некого.<br>- Да прави место на постари.<br>- Да внимава на својот паричник.<br>- Да не вози ризично и пребрзо.<br>- Да не протрчува непромислено.<br>- Да одбива да превезе уште некого со него затоа што тое не е безбедно.<br>- Да не разговара со возачот.<br>- Да не слуша музика со слушалки затоа што тоа не е безбедно. |

**Работен лист за учениците V-1.5: Важно е да се знае**

Емил има 9 години. Веќе е голем. Но, сепак не толку за да може да остане цело попладне сам дома. Но, се случи неговите родители, кои, додека тој беше на училиште, враќајки се од соседниот град да наидат на пречка. Имено, од една цистерна истекло големо количество нафта и додека не се исчисти патот, никој не може да помине. Иако мајка му и татко му се само на дваесетина километри, тие, кога му се јавија, му кажаа дека ќе мора да биде сам до вечер. Му се извинија и го прашаа дали сака да повикаат некого. Тој рече дека не мора и дека сѐ ќе биде во ред. Тие му рекоа да внимава на себе.
**На што треба да внимава Емил додека е сам дома?**

На Канита ѝ доаѓа братучетка ѝ од странство. Од минатиот пат кога ѝ беше на гости, Канита знае дека тоа е едно добро девојче, ама малку се прави важна. Канита реши овој пат веднаш да ја смири со тоа што ќе ја однесе на рок-концерт на групата за која сите велат дека е најдобрата во цел свет, па нека види таа дека и во Македонија има квалитетни нешта. Но, има мал проблем. Канита никогаш досега не била на рок-концерт. Е, добро де, како таа да е едниственото дете на 11 години кое не било на рок-концерт.
**На што треба да внимава Канита додека е на рок-концерт? Концертот ќе биде во огромна сала и ќе има многу луѓе.**

Арта и Марко обожуваат фудбал. Секој ден, цело лето, се изнаиграа. А и добро играат. На училишниот турнир, каде нивната екипа победи, однапред беше договорено дека детето кое ќе постигне најмногу голови ќе добие два билети за големото градско дерби од фудбалскиот сојуз. Арно ама, Арта и Марко и двајцата имаа постигнато по седум гола. Логично, и двајцата добија по еден билет. Арно ама, тие никогаш не биле сами на таков голем настан. А бидејќ и беше дерби, немаше веќе карти некој од родителите за да оди со нив. Требаше или некој од нив да се откаже од картата или да одат сами двајцата. Се разбира, ни еден од нив не сакаше да се откаже.
**На што треба да внимаваат и како да се однесуваат Арта и Марко додека се на стадионот и го гледаат дербито?**

Влатка тукуштo се досели во нашиот град. А дојде од другиот крај на светот. Таму живеела од мало бебе досега, до нејзината деветта година. Како што ни кажува, тука многу нешта ѝ се различни и некои однесувања на луѓето ѝ се доста нови и необични. Јане ја покани Влатка на роденден во петок во 19 часот. Иако не сака да признае, на Влатка ѝ се допаѓа Јане. А, и Јане не ја покани за „џабе" ☺.
**Како Влатка треба да се однесува на роденденот и на што треба да внимава?**

Леа има осум години. Супер дете е. Има и една супер „откачена" баба. Многу е необична. Покрај тоа што постојано ѝ прави смешки и финти, баба ѝ има некои многу чудни однесувања. На пример, Леа треба да оди на ескурзија низ Македонија за некој ден. Екскурзијата трае пет дена. Родителите на Леа скоро и да не се секираат, а баба ѝ не може да спие од секирации откога разбра дека Леа ќе биде толку долго „сама". Иако Леа нема да биде сама, сепак баба ѝ никако не може да сфати!
**Како Леа може да ѝ објасни на баба ѝ дека знае на кои нешта треба да внимава додека е на екскурзија.**

Софија, Аја и Кемо прв пат остануваат толку доцна навечер во град. 22 часот е! Имаат четиринаесет години и не сакаат да се забележи дека тоа им е проблем. Но проблем им е. Треба да се вратат пеш дома. Не е далеку, живеат на петнаесетина минути од пицеријата каде што беа но, малку се плашат затоа што сѐ им изгледа некако поинаку во темницата и не се сигурни дека знаат кои сѐ опасности ги демнат.
**На што треба да вимаваат Софија, Аја и Кемо додека се враќаат дома?**

**Работен лист за учениците V-1.6: Лавиринт**



**Работен лист за учениците V-1.7: Оружје**

Марија и Орхан едноставно уживаат да се шетаат во природа. Секој викенд кога немаат за учење или некои други обврски, тие го користат за прошетки во природа. Таа сабота се шетаа скоро цел ден и додека доцна попладнето се спуштаа кон дома, Марија предложи да седнат и да се одморат крај една огромна бука. Баш беше добро под длабоката сенка. Исто така и дрвото беше импресивно, со различни форми што ги правеа гранките и корењата. Почнаа да ги разгледуваат. Наеднаш Марија му викна на Орхан: „Види! Орхане, дојди брзо!" Марија, исплашена но и љубобитна, покажуваше во една вдлабнатина во дрвото каде што имаше нешто што многу наликуваше на стара и 'рѓосана бомба.

**Постои ли опасност за нивната безбедност во оваа ситуација?**
**Како треба да постапат Марија и Орхан ?**

Тања има единаесет години и многу сака да пребарува по таванот во куќата на нејзините баба и дедо, на село. Овој таван за неа како да ја крие тајната на сите тајни. Некако ѝ е мошне мистериозно и романтично и ја тера да чепка и да пребарува, да ги гледа весниците и списанијата од пред кој знае колку години и смешно-наивните корици на книгите од тоа време. Ужива да ја дува прашината од старите кутии, иако е многу топло и сè околу неа е преполно со прашина. Така понесена, Тања отвора една дрвена кутија и внатре наоѓа еден пиштол.

**Дали е Тања во некаква опасност?**
**Како треба да постапи Тања во оваа ситуација?**

Зуди е ученик во петто одделение. Сака математика и ракомет. Историја не му оди баш, а англиски, така-така. Сака да биде математичар. Ракометот му е само некој вид забава или хоби. Важно му е да биде забележан на училиште затоа што многу почна да му се допаѓа Сара. Во овој период во училиштето е „мода" некои деца да носат ножеви. Зуди знае дека ако го земе ловечкиот нож што дедо му го крие во гаражата, сите ќе занемат. Таков добар и голем нож нема никој! Само, се мисли и не му е лесно да се реши.

**Дали е Зуди во опасност?**
**Како треба да постапи во оваа ситуација?**
**Дали во оваа приказна само Зуди е во опасност? Од кого?**

**Работен лист за учениците V-3.1а: Оригами 1**

# МАЧКА





# ЛЕБЕД



# ЛАЛЕ





**Работен лист за учениците V-3.1г: Оригами 4**

# ЖАПЧЕ



**Работен лист за учениците V-3.1д: Оригами 5**

# КРАП



1



2



3



4



5



## Работен лист за учениците V-3.2: Крстозбор




**Хоризонтално**

**2**– Многу убава, дива мачка што многу ретко може да се види.

**4**– Многу вредни и мали и слатки суштества, во множина.

**6**– Најпознатата риба од Охридското Езеро, забранета за ловење.

**10**– Многу убава птица грабливка, со остар вид (помала од орел) и со кафеава боја.

**11**– Една од најинтелигентите птици, што е црна, многу корисна и се гнезди на високи дрва.

**12**– Животно што луѓето прво го припитомиле.

**13**– Најголемата птица што живее кај нас – бела е по боја и живее во и крај вода.

**Вертикално**

**1–** Животно што е многу корисно, а луѓето го сметаат за штетно и многу итро.

**3–** Птица што прави гнезда на бандери и оџаци, а во есен се сели на југ, во Африка.

**5–** Многу вешто и убаво животно што многу сака лешници.

**6–** Највештиот плетач меѓу бубалките од кој непотребно се плашат многу деца и големи.

**7–** Една наша отровна змија која има рокче на главата.

**8–** Едно од најкорисните животни кое луѓето безмилосно го убиваат – многу убаво пее на месечина и живее во глутници.

**9–** Големо е и мило животно – многу јаде мед и мравки.

**11–** Најдобриот поштар меѓу птиците.

**Работен лист за учениците V-4.1а: Своја соба**

| | | |
|---|---|---|
| Ѕидовите на собата се чисти (неишарани) и обоени во убава пастелна боја. | На ѕидовите висат слики или други предмети за украсување. | На полиците на ѕидот има книги и украси (купени и направени). |
| Преку ден, креветот за спиење е прекриен со убава прекривка. | Над креветот има сијалица за читање навечер. | Прозорците се чисти и под нив има саксии со цвеќе. |
| Во собата нема растурено облека – облеката е на свое место во плакарот. | На работната маса нема расфрлени книги, тетратки, моливи, гуми, острилки... | Сите играчки со кои не се игра се на свое место. |
| | | |

**Работен лист за учениците V-4.1б: Нашата училница**

| | | |
|---|---|---|
| Ѕидовите се чисти (неишарани) и обоени во убава пастелна боја. | На ѕидовите се закачени најразлични изработки на учениците. | Прозорците на училницата се чисти и под нив има саксии со цвеќе. |
| Клупите и столчињата се секогаш на свое место. | Клупите и столчињата не се исчкртани и изгребени. | На клупите нема расфрлени книги, тетратки, моливи, гуми, острилки... |
| Подот е чист и сите отпадоци се на свое место – во корпата за отпадоци. | Јакните на учениците висат на закачалка, а чантите за книги се под клупите. | На празници, училницата е украсена со изработки од учениците. |
| | | |

**Работен лист за учениците V-5.3: Совети за порационално користење на вода**

- Не ја оставајте славината отворена додека ги миете забите!
- Размислете добро дали ќе се бањате во наполнета када (100–200 литри) или ќе се истуширате (околу 80 литри).
- Не фрлајте отпадоци во канализацијата!
- Пред да ги миете садовите, отстранете ги поголемите нечистотии од секој сад.
- Не ги ставајте валканите садови под млаз вода што тече, подобро потопувајте ги во наполнет мијалник. Така ќе заштедите околу 50% вода.
- Ако користите машина за миење садови, вклучувајте ја само кога е полна.
- Користете кофа, сунѓер и сапуница за миење на колата. Користете вода од црево само на крај, за плакнење.
- Не користете вода од водовод за наводнување на градината. Користете вода од бунар или претходно собрана дождовница.
- Собирајте дождовница за полевање на растенијата во саксија.
- Не наводнувајте кога дува ветар или е претопло. Тогаш водата брзо испарува.
- Не ладете храна или течности со вода од славина.
- Ако сакате да имате постудена вода за пиење, не ја оставајте славината да тече. Подобро чувајте шише со вода во фрижидер.